РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 03-415/1
27.08. 2026 год.
ВЕЛЕС

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год
Потпис, _____

ДО
Совет на Општина Велес

ПРЕДМЕТ: Барање за усвојување на Годишен извештај

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено 31-08-2026
09-3679/1 2

Почитувани,

Ви доставуваме барање за усвојување на Годишниот извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес во учебната 2025/2026 година.

Ви благодариме.

ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес
ДИРЕКТОР
м-р Васко Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 02-400/6
26.08. 2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 89-а став 1, алинеја 11 од Законот за средно образование и Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование (Сл.весник на РМ бр.44/95 - 64/2018), и (Сл.весник на Р.С.М бр. 229/2020, 269/2023 и 78/2025), а во согласност со член 178, став 1, алинеја 2 од Статутот на ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес, Училишниот одбор на седницата одржана на 26.08.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година

1.Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков“ - Велес донесе Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година и истиот го предлага до Советот на Општина Велес на негово усвојување.

2.Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков“ - Велес на седницата одржана на 26.08.2026 година го разгледа Извештајот за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година, едногласно донесе Одлука за негово усвојување и истиот го предлага до Советот на Општина Велес на негово усвојување.

Доставено до:
- архивата
- членови на УО

Претседател на УО
Антонио Пановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСУ "ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ" ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 01-406/1
25.08. 2026 год.
ВЕЛЕС

Општинско средно училиште „Јовче Тесличков” - Велес

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето
во учебната 2025/2026 година

Велес, август 2026

Годишниот извештај го изработија:

Педагог:
Билјана Коџабашиева

Наставници:
Марија Левкова Куновска
Љупчо Петров
Рената Николова Софијанова
Ирена Станчева

СОДРЖИНА

I Воведен дел 5

1. Организација на животот и работата во училиштето 5

1.1 Стручно – педагошка екипираност на училиштето со кадарот 7

1.2 Планирање и програмирање на наставата 8

1.3 Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа 9

1.4 Преглед на ученици и паралелки на крај од учебната 2025/2026 10

1.5 Наставен кадар 11

1.6 Преглед на стручен и административен кадар 12

1.7 Раководен кадар 13

1.8 Останати вработени 13

2. Настава – видови настава 13

2.1 Реализација на воспитно – образовната работа во училиштето 13

2.2 Од реализацијата на наставните планови и програми 16

2.3 Анализа на работата на стручните активи и наставничкиот совет 17

2.3.1 Наставнички совет 17

2.4 Од примената на наставни техники на учење и поучување 18

2.5 Од примената на наставната технологија во наставата 18

2.6 Табеларен преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови по предмети 19

2.6.1 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во прва година 19

2.6.2 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во втора година 21

2.6.3 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во трета година 23
2.6.4 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во четврта година 25
2.7 Анализа на успехот и редовноста на учениците за учебната 2025/2026 26
2.8 Методи и техники на оценување и вреднување на учениците 36
2.9 Согледување за реализација на додатна, дополнителна настава и воннаставни активности 36
2.10 Учество на организирани манифестации и настани организирани од страна на училиштето 37
2.10.1 Учество во проекти во тековната година.....49
II Мисија 52
III Визија 53
IV Подрачја на промени и приоритети 54
V Развојни цели 56
VI Реализација на задачите и активностите во училиштето 63
VII План за евалуација 66
Прилози на извештајот 69

I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Име на училиштето: Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“

Адреса на училиштето: Кукушка бр.37 – Велес

Тел: +389 43 212 098, e-mail:usojtv@yahoo.com

Веб-страна: https://jovceteslickov.edu.mk

1. Организација на животот и работата во училиштето

Учебната 2025/2026 година заврши со успешна реализација на наставата и активностите предвидени во Годишната програма за работа на училиштето. Воспитно образовната дејност, училиштето ја реализираше согласно Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Годишната програма за работа на училиштето, Развојната програма на училиштето и Статутот на училиштето.

Успешното работење на општинското средно училиште „Јовче Тесличков“, како јавно средно стручно училиште веќе 65 години се должи на јасната мисија и визија. Посебен акцент се става на организацијата и планирањето на животот и работата во училиштето во текот на целата учебна година.

Согласно Законот, средното образование е бесплатно за сите ученици, а наставата во училиштето се реализираше на македонски јазик и кирилско писмо и на албански наставен јазик, по однапред утврден распоред на часови по задолжителни и изборни предмети, содржини програмирани од училиштето, како и дополнителна и додатна настава. Наставниот процес во текот на целата година се реализираше согласно наставните планови и програми кои ги изготвуваат Бирото за развој на образованието и Центарот за развој на стручното образование, а се одобрени од Министерот.

Согласно Календарот за организација на учебната 2025/2026 година во јавните средни училишта, наставната година започна на 01 септември 2025 година. Првото полугодие заврши на 30 декември 2025 година, по што учениците заминаа на зимски распуст од 31 декември 2025 година заклучно со 19 јануари 2026 година. Наставата за второто полугодие започна на 20 јануари 2026 година. Наставната година за учениците од завршните паралелки заврши на 15 мај 2026 ,а за останатите ученици на 10 јуни 2026 година.

Учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес наставата ја следеа во една смена, од 7:15 часот до 14:00 часот. Училишниот час траеше 45 минути, со пауза за одмор од 5 минути односно 20 минути пауза за голем одмор помеѓу вториот и третиот час.

Учебната 2025/2026 година започна со вкупно 236 ученик, распределени од прва до четврта година. Согласно конкурсот на Министерството за образование и наука за упис на ученици во прва година, во редовна настава беа запишани 78 ученици. Во останатите генерации, наставата ја продолжија 58 ученици во втора година, 55 ученици во трета година и 45 ученици во четврта година.

Како и секоја година, на почетокот на учебната година беа организирани родителски средби за учениците од прва година. На овие средби, раководителите на паралелки ги информираа родителите за: обврските на учениците во однос на наставниот процес, кодексот на однесување во училиштето, правилата за однесување кон училишниот имот, користење на бесплатните учебници и електронскиот дневник, можностите за советување на родителите. Родителски средби беа одржани и за повисоките генерации, со цел продолжување и зајакнување на соработката меѓу училиштето и родителите. Пред почетокот на наставата, наставниците ги поднесоа своите годишни и тематски планирања до директорот и стручната служба. Според извршениот увид, наставните програми се реализирани во целост по сите наставни предмети. Наставата се одвиваше непречено, со физичко присуство на учениците и наставниците. Наставниот кадар активно користеше нагледни средства и дидактички помагала, а соработката со стручната служба и директорот беше постојана и ефикасна. Во наставниот процес се применуваа современи методско-дидактички форми на настава, како што се: истражувачки активности, дебати и дискусии, анализа и анкетирање, посета на институции, размена на идеи и практични задачи. Преку наставните и воннаставните активности, учениците ги развиваа своите интелектуални и личносни способности, надградувајќи ги своите знаења и вештини и се оформуваа како зрели млади личности. Во текот на целата година, постоеше континуирана соработка со родителите, особено за учениците со педагошки мерки и намален успех. Родителите беа во редовна комуникација со педагошко–психолошката служба, класните раководители и директорот на училиштето. За редот и дисциплината во училиштето не беше ангажирана служба за физичко обезбедување, поради недостаток на интерес од страна на родителите и учениците, што покажува високо ниво на самодисциплина и доверба во воспитно-образовниот процес.

На крајот од учебната 2025/2026 година, вкупниот број на ученици во училиштето од прва до четврта година изнесува 228 ученици, распоредени во 14 паралелки. Наставата се реализира во единечни и комбинирани паралелки во следните образовни квалификации:

- Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг;
- Економски техничар;
- Правен техничар;
- Бизнис администратор;
- Асистент деловен администратор;
- Продавач – референт за продажни услуги;
- Економски техничар (на албански наставен јазик).

Во училиштето се формирани и комбинирани паралелки од следните профили:

- Економски техничар / Правен техничар;
- Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор;
- Економски техничар / Бизнис администратор;
- Продавач – референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор;
- Бизнис администратор / Економски техничар;
- Асистент деловен администратор / Продавач – референт за продажни услуги.

Согласно Правилникот за наградување и пофалување на ученици во ОСУ „Јовче Тесличков“, за учебната 2025/2026, Комисијата за избор на ученик на генерација и ученик на училиште ги предложи, а Наставничкиот совет одржан на 18.06.2026 година, едногласно ги прогласи:

- за ученик на генерација во прва година – **Филип Пљаков 1-а паралелка.**
- за ученик на генерација во втора година –**Мерве Исмаилова 2-а паралелка.**
- за ученик на генерација во трета година – **Марко Варналиев 3-а паралелка.**
- за ученик на генерација во четврта година – **Емили Петрова 4-б паралелка.**
- за ученик на ниво на училиште – **Леонид Велинов 3-а паралелка.**

Во текот на учебната година во училиштето беа вршени инспекциски надзори од страна на:

- државниот просветен инспектор Гордан Стојчевски;
- општински овластен просветен инспектор д-р Македонка Виларова;
- државен просветен инспекторат – интегрална евалуација на училиштето (раководител на инспекцискиот тим Александар Арсов)
- санитарна инспекција;
- трудова инспекција;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- претставници од Министерство за образование и наука.

1.1 Стручно-педагошка екипираност на училиштето со кадарот

Во ОСУ „Јовче Тесличков“ воспитно-образовниот процес го изведуваат наставници согласно нормативот предвиден во наставните планови. Истите работат според Законот за средното образование, Статутот на училиштето, Бирото за развој на образование и Центарот за развој на стручното образование. За реализација на основната дејност, образование и воспитание на ученици, обезбеден е наставен кадар по сите наставни предмети согласно систематизацијата на работни места. За остварување на предвидените цели и зацртаните задачи на севкупната дејност на училиштето, беа ангажирани следните структури:

Реден број	Работно место	М	Ж	Вкупно
1.	Директор	1	/	1
2.	Психолог	/	1	1
3.	Педагог	/	1	1
4.	Наставник	9	17	26
5.	Советник за општи и нормативно-правни работи (секретар)	1	/	1
6.	Хигеничар	/	3	3
7.	Хаусмајстор	1	/	1
8.	Ноќен чувар	1	/	1
Вкупен број на вработени		**13**	**22**	**35**

1.2 Планирање и програмирање на наставата

За успешна имплементација на наставните планови и програми, од клучно значење е систематско и квалитетно планирање на наставниот процес. На почетокот на учебната година, во согласност со методско-педагошките стандарди, сите наставници изработија **глобални годишни планирања** за наставните предмети што ги изведуваат. Истите беа доставени на увид кај стручната служба и директорот на училиштето.

Во текот на учебната година, наставниците изготвуваа **тематски планирања/планирања на модуларни единици**, најдоцна една недела пред почетокот на реализацијата на содржините, согласно наставните планови и програми. И овие планирања беа редовно доставувани на проверка и увид кај стручната служба и директорот.

Особено значајна компонента во процесот на планирање претставуваше изработката на **планирања на наставен час**, кои произлегуваат од тематските планирања и се задолжителни за секој наставен час. Овие планови овозможуваат систематизирана и кохерентна реализација на наставните содржини.

Целокупниот процес на организирање и реализирање на наставата се одвиваше преку **интегрирана и континуирана соработка помеѓу директорот, стручната служба, наставниците, учениците и родителите**. Наставниците во реализацијата на часовите користеа **соодветни**

дидактичко-методски пристапи и **постоечките нагледни средства и помагала**, со цел да се обезбеди ефективно и квалитетно учење. Континуираното следење на **постигнувањата и напредокот на учениците** претставуваше една од клучните обврски на наставниот кадар. Процесот на оценување се спроведуваше **објективно, транспарентно и во согласност со утврдените стандарди**. Потврда за тоа се **Стандардите за оценување** и **Интерните критериуми за оценување**, кои секој наставник ги изработува за својот предмет и ги доставува на увид кај директорот и стручните соработници. Овие критериуми се исто така достапни и за учениците и родителите, со цел да се обезбеди јасност, транспарентност и фер оценување. За реализација на **дополнителната и додатната настава**, наставниците изготвија соодветни **програми за работа**, кои беа доставени на увид кај директорот. Овие активности имаа за цел да ги поддржат учениците во совладувањето на наставната програма и да обезбедат дополнителни предизвици за учениците со напредни способности.

Со цел успешна примена на **иновативни пристапи во наставата**, наставниот кадар активно користеше **стручна литература**, присуствуваше на **едукативни предавања и семинари**, како и на **подготовки за нагледни часови**, што претставуваше важен чекор за споделување на иновациите со останатите субјекти во училиштето.

Наставниот кадар, во соработка со останатите вработени, континуирано работеше на унапредување на **квалитетот на наставата** преку развој на **лични и стручни компетенции**. Воспитно-образовниот процес во учебната 2025/2026 година се реализираше преку примена на следните **современи методолошки форми** на настава:

- индивидуализиран пристап, приспособен на **интересите и способностите на учениците**;
- **тимска настава**, работа во **парови и групи**, како и воспоставување **корелација меѓу сродни и различни наставни предмети**;
- користење на **современи нагледни средства и технолошки помагала** (ЛЦД проектори, компјутери, интернет);
- **самостојна изработка на инструменти за оценување**, вклучително тестови, контролни задачи и други форми на проверка на знаења.

Општинското средно училиште **„Јовче Тесличков“** има за цел едукација на **компетентни кадри**, подготвени да одговорат на потребите на пазарот на труд на **национално, регионално и локално ниво**. Примарната функција на училиштето е подготовка на ученици за **самостојно извршување на работни задачи** од различна сложеност во сферата на **стопанството, услужните дејности и финансиските институции**.
Во насока на постигнување на таа цел, наставата се спроведува со користење на достапни **наставно-нагледни средства и дидактички помагала**, кои обезбедуваат активна вклученост на учениците во процесот на учење и практична подготовка за нивниот иден професионален ангажман.

1.3 Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

Во пресрет на учебната 2025/2026 година, како и за време на зимскиот распуст, во просториите на училиштето беше спроведена дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Центарот за јавно здравје – Велес. Со оваа активност беа обезбедени чисти, дезинфицирани и здравствено - безбедни услови за престој и работа на учениците и вработените. Во текот на летниот период, техничката служба на училиштето реализираше повеќе активности насочени кон подобрување на безбедносните и техничките услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Извршено беше молерисување на простории во кои постоеше потреба од освежување, како и проверка, одржување и санација на системот за греење, вклучувајќи ги парните котли и радијаторите. Со тоа беа создадени соодветни услови за навремено и ефикасно отпочнување на грејната сезона.

Дополнително, беше извршено чистење и хортикултурно уредување на училишниот двор во предниот и задниот дел на училиштето, согласно расположливите можности и ресурси. Во насока на подобрување на условите за реализација на наставата и престојот на учениците, шест училници беа опремени со завеси „ден и ноќ“, со што се овозможи подобра функционалност на просторот и пријатна работна атмосфера.

Училиштето располага со училишна библиотека која е достапна за сите ученици и вработени. Истата располага со богат фонд на книги и лектирни изданија. Училишната библиотека благодарение на разноликоста на своите содржини и активности успешно се вклопи во воспитно – образовниот процес во училиштето. Таа располага со доволен број на разновидна литература потребна за учениците и вработените во училиштето. Преку книжевниот фонд кој го поседува успешно ги задоволува и поттикнува интересите на учениците, а со тоа и просторијата на библиотеката е катче во кое секој ученик може да помине дел од своето слободно време,при тоа да се збогати со нови знаења и да го збогати својот фонд на усмено и писмено говорење. Истовремено училишната библиотека им послужи на наставниците како соодветен избор за перманентно стручно усовршување и следење на најновите трендови од областа на воспитно – образовниот процес.. Во склоп на училишната библиотека фигурира и економската библиотека која е богата со наслови од соодветената струка и профилите кои се изучуваат кај нас. Со ова им се овозможува на наставниците да ги збогатат содржините на часевите,а на учениците помош при изработка на есеи, проектни задачи и други активности.

Наставата се изведува во 25 кабинети, при што значителен дел од нив се опремени со современа опрема: компјутери, ЛЦД проектори, смарт табли, флип-чарт табли, печатачи, лаптопи и нагледни средства, што овозможува современ и квалитетен образовен процес.

1.4 Преглед на ученици и паралелки на крај од учебната 2025/2026

Табела бр. 1

Струка / Сектор	Профил	I - година		II - година		III - година		IV - година		Вкупно I - IV	
		П	У	П	У	П	У	П	У	П	У
Економско - правна и	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг	1-а	21	2-а	19	3-а	20	/	/	3	60

трговска / Економија право и трговија	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор	/	/	/	/	/	/	4-а	28	1	28
	Економски техничар / Бизнис администратор	/	/	2-б	11	/	/	/	/	1	11
	Бизнис администратор/ Економски техничар	1-б	18	/	/	/	/	/	/	1	18
	Економски техничар / Правен техничар	/	/	/	/	3-б	7	/	/	1	7
	Економски техничар	/	/	/	/	/	/	4-б	16	1	16
	Економски техничар (албанска наставен јазик)	1-в	13	2-в	7	3-в	16	/	/	3	36
	Продавач - референт за продажни услуги	/	/	/	/	3-г	11	/	/	1	11
	Асистент деловен администратор/Продавач – референт за продажни услуги	1-г	23	/	/	/	/	/	/	1	23
	Продавач - референт за продажни услуги/Асистент деловен администратор			2-г	18	/	/			1	18
Вкупно		4	75	4	55	3	54	2	44	12	228

1.5 Наставен кадар

Табела бр. 2

Наставен јазик	Степенот на стручна оспособеност				
	д-р	м-р	VII-1	VI	IV
Македонски	/	5	28	/	/
Албански	/	/	1	/	/
Вкупно	/	5	29	/	/
На определено време	/	/	2	/	/
Дополнување часови (од други училишта)	/	/	6	/	/

1.6 Преглед на стручен и административен кадар

Табела бр. 3

Профил	Степенот на стручна оспособеност				
	д-р	м-р	VII-1	VI	IV
Стручни соработници	/	/	2	/	/
Советник за општи и нормативно-правни работи (секретар)	/	/	1	/	/
Вкупно	/	/	3	/	/

1.7 Раководен кадар

Табела бр. 4

Функција	Завршено образование			Работно искуство во образование	Работно искуство на оваа работна позиција
	д-р	м-р	VII-1		
Директор	/	1	/	14 години	4 години и 4 месеци
Помошник директор	/	/	/	/	/

1.8 Останати вработени

Табела бр.5

Технички персонал	1 (ноќен чувар)	3 (хигеничари)	1 (хаусмајстор)

2. Настава – видови настава

2.1. Реализација на воспитно-образовната работа во училиштето

Наставниот кадар, директорот и стручните соработници во ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес на учениците им овозможуваат стекнување теоретски и практични знаења од областа на економијата, правото и трговијата преку реализација на современа воспитно-образовна настава. Во прва година наставата се организира според модуларно дизајнирани наставни програми во четиригодишното стручно образование, во рамките на три квалификации, и тоа во две паралелки на македонски наставен јазик и една паралелка на албански наставен јазик. Во тригодишното стручно образование наставата се реализира во квалификацијата Асистент деловен администратор / Продавач – референт за продажни услуги,

исто така според модуларно дизајнирани наставни програми. Модуларната настава се реализира и во втора, трета и четврта година, со што се обезбедува континуитет во стекнувањето на стручни компетенции, усогласени со потребите на пазарот на трудот и современите образовни стандарди. Наставниците користеа соодветни методско–дидактички форми на настава кои произлегуваа од проектот за модернизација на наставата. Наставниот процес се одвиваше со помош на сите наставни средства и помагала со кои располага училиштето. И оваа година во наставата се користеше информатичката технологија согласно тематските и дневни планирања на наставниците.

Наставниците континуирано го следеа совладувањето на наставниот материјал од страна на учениците и им помагаа за полесно совладување на темите преку различен пристап за секој ученик. Транспарентноста и објективноста во оценувањето се неизоставен дел и главно обележје на наставниците.

Во склоп на редовната настава, во трета и четврта година учениците изучуваат изборни предмети. Според наставен план и модуларно дизајнирани програми, учениците избираат еден изборен модул составен од два изборни предмети кои ги изучуваат: првиот предмет во трета, а вториот во четрта година. Изборот на модулот, секој ученик го прави кон крајот на втора година со пополнување на анкетен лист. Оваа учебна година учениците ги изучуваа следните изборни модули и предмети по профили.

- Во профилот **економски техничар** се изучувааа два изборни модули: **Маркетинг и Комерцијално работење,**. Од изборен модул Маркетинг во трета година учениците изучуваа наставен предмет Однесување на потрушувачите, а во четврта година Интегрирани маркетинг комуникации .Од изборен модул Комерцијално работење учениците во трета година го изучуваа наставниот предмет Управување со производ.
- Во профилот **правен техничар** се изучуваше изборниот модул Прекршоци и прекршочна постапка , со тоа што учениците во трета година го изучуваа изборниот предмет Прекршоци во постапка пред прекршочни органи, а во четврта година ќе го го изучуваат изборниот предмет Прекршоци во судска постапка.
- Во образовниот профил **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг** се реализираа повеќе стручни модули насочени кон развој на современи дигитални компетенции. Во рамките на модулот **Огласување на дигитални канали** се изучуваше предметот Креирање содржина за дигитални канали. Во модулот **Дизајн и развој на веб** се реализираа предметите Основни принципи на веб-дизајн и Технологии за развој на веб. Во рамките на модулот **Онлајн продажба** се изучуваа предметите Онлајн маркетинг микс и Техники на онлајн продажба.

За учениците кои покажуваа послаби резултати во учењето, наставниците организираа и реализираа дополнителна настава, додека за учениците кои покажуваа особено добар успех, интерес и напредок по одредени наставни предмети се реализираше додатна настава. Преку овие форми на настава училиштето одговара на индивидуалните образовни потреби на учениците, овозможувајќи им на учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини да ги постигнат предвидените образовни стандарди, а на поуспешните ученици да ги продлабочат и прошират своите знаења и компетенции во областите од нивен интерес. За потребите на учениците кои полагаа диференцијални испити, како и за вонредните ученици, се реализираше консултативна настава согласно нивните потреби и наставните програми.

Во рамките на редовната настава се реализираше и практична настава. Стекнувањето практични знаења, вештини и работни навики претставува значајна карактеристика на современото стручно образование. Согласно потребите на пазарот на трудот, ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес континуирано вложува напори во унапредување на практичната настава, со цел учениците да стекнат применливи знаења и компетенции потребни за нивниот понатамошен професионален развој.

Во учебната 2025/2026 година, во ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, како една од формите на практично образование согласно наставните планови и модуларно дизајнираните наставни програми, се реализираше и задолжителниот предмет „Учење преку работа кај работодавач“. Наставата по овој предмет се реализираше во текот на целата учебна година кај работодавачи и социјални партнери со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка. Практичната обука, согласно програмските содржини, во најголем дел се реализираше кај работодавачите, додека стручно-теоретската настава во училиштето претставуваше подготовка за успешно извршување на работните задачи во реални услови. Учењето преку работа кај работодавач претставува организирана практична обука на работно место во компании и институции, преку која учениците стекнуваат работно искуство во реални услови, ги применуваат стекнатите знаења и вештини и се запознаваат со работните процеси и барањата на пазарот на трудот. Комбинацијата на учење во училиште и учење на работно место претставува задолжителен дел од стручното образование и е насочена кон стекнување образовни квалификации и професионални компетенции. Овој вид настава им овозможува на учениците полесно да се вклучат во работниот процес и да ги развијат одговорноста, самостојноста и професионалниот однос кон работните обврски. За успешна реализација на предметот, директорот и наставниците задолжени за практичната обука воспоставија соработка и потпишаа меморандуми со повеќе компании и институции. Учениците од трета година реализираа практична обука еден ден неделно во траење од четири наставни часа, додека учениците од четврта година реализираа шест наставни часа неделно. Учениците работеа на стекнување практични знаења и вештини од секторот Економија, право и трговија. Во дуалните паралелки практичната обука се реализираше во обем од четири наставни часа неделно во втора година и осум наставни часа неделно во трета година.

Во текот на учебната 2025/2026 година практичното образование се реализираше во следните компании и институции: Општина Велес – Одделение за финансиски прашања, Андреева Консалтинг – Велес, Основен суд – Велес, Фершпед АД Скопје – Подружница Велес, Малина – Велес, ДПТУ Жито – Велес (сметководство и магацин), АД Брако – Велес, Уника Осигурување АД – Велес, Витал БТ – Велес, Марис Биро – Велес, Ирена Вел – Велес, Историски архив – Велес, Тобо Консалт – Велес, Мирола – Велес, Книжарница Аско Ас – Велес, Сметководствено биро Леков – Велес, Европска куќа – Велес, Општина Велес – Правен сектор, Адвокатска канцеларија Горан Николовски, Шумско стопанство „Бабуна“ – Велес, Тргошпед – Велес, Прва Книга ДООЕЛ – Велес, Општина Градско (правен и финансиски сектор), како и во други компании и институции со кои училиштето успешно соработува.

Задолжителен дел од практичното образование е и **Феријалната практика** која ја реализираат сите ученици (освен од завршните години) за време на летниот период, во времетраење од 10 до 20 работни дена. Учениците имаат можност самостојно да изберат компании каде што ќе реализираат феријална практика, а училиштето потпишува меморандум за соработка со тие компании. На крајот, ученикот добива поврда за реализирана феријална практика и истата ја доставува до класниот раководител, што е и услов за упис во наредна учебна година.

Во ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес согласно наставниот план и модуларно дизајнирани наставни програми, дадена е можност на учениците да реализираат **Содржини програмирани од училиштето** во прва, втора, трета и четврта година од областите:

- Прва година: Светско наследство во рацете на младите
- Втора година: Планирање на кариера
- Трета година: Ученичка компанија – Претприемачка практика за млади
- Четврта година: Маркетинг агенција

Овие програми се официјално одобрени од страна на ЦСОО и МОН и точно утврдено во која година треба да се изучуваат. Во училиштето редовно се ажурираат податоците во базата на податоци Емис/Есару/ХрМ за учениците и за вработените.

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од четврта година се организираше во училиштето. Класните совети за крај на година за учениците од завршните години се одржаа на 18 мај 2026 година, а за учениците од прва, втора и трета година се одржаа на 15 јуни 2026 година. За сите совети во училиштето се водеше записник.

Евиденцијата на наставните часови, оценките и останатите активности, наставниците ги евидентираат во електронскиот дневник, а секој класен раководител по завршување на месецот доставуваше печатени податоци од електронскиот дневник кај педагогот. Учениците стекнуваа теоретски и практични знаења од областа на економијата, трговијата и правото. Тие со наставниците работеа на полето за:

- Раст и развој на професионалните и лични способности, со кои стануваат конкурентни на пазарот на трудот и ги зголемуваат можностите за вработување на добри работни места
- Развој на вештините за трговски и маркетинг промотори, преку кои ги зголемуваат можностите за одржливост на бизнисот

Реализацијата на воспитно-образовниот процес во училиштето овозможи стекнување на нови знаења и вештини и развој на интелектуалните способности, критичко и креативно мислење, развој на личноста на учениците, емоциите, ставовите, интересите, вредностите, мотивите и верувањата. Наставниот кадар, директорот и стручниот соработник работеа на можностите за развој на лидерските способности во рамките на училиштето и во деловната заедница.

Компаративна проценка на реализирани приоритети од развоен план и годишна програма

Развојната програма на училиштето за периодот 2025 – 2029 година и Годишната програма чии приоритети произлегоа од развојната програма во целост беа во функција на успешно реализирање на воспитно – образовниот процес во нашето училиште за учебната 2025/2026 година. Како приоритети беа утврдени следните:

Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес

Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима

Трет приоритет: Модернизација на просторните и техничките услови за работа

Сите наставници беа распоредени во тимови според развојните цели, задачите и предвидените активности и истите во рамките на предвидениот временски рок беа исполнети согласно можностите на училиштето. Сите наставници во училиштето работеа на релизација на Годишната програма, при што секој наставник беше задолжен за реализација на активностите од својот развоен тим.

2.2. Од реализацијата на наставните планови и програми

Планирањето на наставата со помош на годишните, тематските/модуларните и дневно планирањата на час од страна на наставниците, тимското работење преку активите, соработката со директорот и стручните соработници, вклучување на родителите во носење одлуки поврзани со наставата и јакнење на соработката со локалната средина го обезбедуваат квалитетот на наставниот процес. Секој наставник ја планираше реализацијата на наставните планови и програми и се придржуваше на планираното.

Од анализата на реализацијата на наставните планови и програми може да се заклучи дека во учебната 2025/2026 се реализираа планираните наставни часови. Согласно Календарот за организација за учебната 2025/2026 година во завршната година на образование се реализираа 164 наставни денови, а за сите останати години на образование се реализираа 180 наставни денови. Настава во училиштето се изведуваше редовно освен за време на викендите, државните и верските празници кои се пропишани со Програмата за неработни денови од МСПДМ.

При анализа на реализацијата на наставните планови и програми за учебната 2025/2026 година, се **регистрирани мали отстапувања од планираното**, кои **не го нарушија квалитетот на наставата** и не влијаеја значајно врз постигнувањата на учениците.

Овие отстапувања главно произлегоа од:

- **учество на наставниот кадар на стручни семинари, обуки и советувања** кои беа организирани во време на настава,
- како и **отсуства поради боледување** на дел од наставниците.

Во сите случаи беа преземени соодветни мерки за надоместување на изгубените часови (како дополнителни термини, замени од колеги или прилагодување на распоредот), со цел да се обезбеди континуитет и целосна реализација на приоритетните наставни содржини. Заклучно, и покрај забележаните отстапувања, наставата се реализираше успешно и согласно планираните цели и програми, при што беа исполнети основните воспитно-образовни задачи за учебната 2025/2026 година.

2.3. Анализа на работата на стручните активи и наставничкиот совет

Во училиштето од оваа учебна година функционираат два стручни активи и тоа:

- актив на општообразовани предмети и
- актив на стручни предмети.

Во прилог на извештајот активите поединечно имаат изготвено извештаи за нивната работа.

2.3.1 Наставнички совет

Наставничкиот совет претставува **стручен орган и носител на воспитно-образовната работа** во училиштето. Истиот го сочинуваат: наставниците, директорот и стручните соработници.

Својата работа ја реализира врз основа на **Програмата за работа на Наставничкиот совет**, која е составен дел на **Годишната програма за работа на училиштето**, како и врз основа на укажувања од надлежни органи и служби, кога е потребно. Активностите на Наставничкиот совет се насочени кон имплементација на:

- **Законот за средно образование**,
- **Законот за средно стручно образование и обука,**
- Законот за наставници и стручни соработници,
- **Статутот на училиштето**,
- како и другите **законски регулативи, правилници и интерни акти**.

Состаноците на Наставничкиот совет **се одржуваа континуирано** во текот на целата учебна 2025/2026 година, согласно однапред утврдената динамика. Секој состанок беше **документиран од страна на записничар**, со уредно водена евиденција на дискусиите и донесените одлуки.Наставничкиот совет донесуваше значајни одлуки поврзани со организацијата и унапредувањето на воспитно-образовниот процес, при што тие се усвојуваа **со мнозинство гласови од присутните членови**. **Присуството на состаноците е задолжително за сите наставници**, што придонесе за навремена информираност, координација и активно учество во процесите на донесување одлуки поврзани со работата на училиштето.

2.4 Од примената на наставни техники на учење и поучување

Општинското средно училиште **„Јовче Тесличков“ од Велес** го следи современиот тек на македонскиот образовен систем, при што постојано се стреми кон унапредување на наставниот процес преку **примената на разновидни наставни техники и стратегии за учење и поучување**.

Во текот на учебната 2024/2025 година, наставниците применуваа **иновативни и адаптирани методи на работа**, согласно предметните специфики и потребите на учениците. Преку користење на **кооперативно и натпреварувачко учење**, се поттикнуваше повисока мотивација за активно учество и за развивање на лични и социјални компетенции кај учениците.

Особено внимание беше посветено на:

- **групна интеракција и тимска работа**,
- **структурирани дискусии** и **размена на мислења и искуства**,
- **презентации**, **истражувачки задачи** и **проектна настава**,
- како и **употреба на дигитални алатки** и интерактивни содржини во наставата.

Овие техники овозможија **подобро разбирање на наставните содржини**, **развивање на критичко размислување**, како и **подобрување на комуникациските и колаборативните вештини** кај учениците.

Примената на современи наставни пристапи се покажа како ефикасна во постигнување на воспитно-образовните цели и придонесе кон создавање на позитивна, мотивирачка и динамична училишна атмосфера.

2.5 Од примената на наставната технологија во наставата

Современиот начин на живот и динамичниот технолошки развој наметнуваат императив секој човек, а особено младиот човек, да поседува **дигитални вештини** и **способност за користење на технологијата** во учење и во секојдневната работа. Во таа насока, **наставниот процес во училиштето „Јовче Тесличков“ активно ја интегрира наставната технологија** со цел подготовка на компетентни и конкурентни ученици, спремни да одговорат на барањата на современиот пазар на труд.

Училиштето располага со следна **техничка и технолошка поддршка** во функција на реализација на наставата:

- **Персонални компјутери** достапни за учениците,
- **Персонален компјутер и/или лаптоп за секој наставник**,

- **Електронска табла**,
- **LCD проектори** во училниците,
- **Пристап до интернет** и користење на **образовни дигитални платформи и ресурси**.

Овие ресурси активно се користат при изведба на наставата, особено во:

- презентирање на наставни содржини,
- користење на мултимедијални материјали,
- спроведување на дигитални квизови и онлајн тестирања,
- како и при реализација на проектни активности и истражувачки задачи.

Ваквиот пристап ја зголемува интерактивноста на наставата, овозможува **визуелизација на сложени содржини**, како и поголема вклученост и ангажираност на учениците. Примената на наставната технологија придонесува и за **развој на дигиталната писменост**, како и за **подобрување на квалитетот на наставниот процес** во целина.

2.6 Табеларен преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови по предмети

Табела бр. 2.6.1 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **<u>прва година</u>**

I година наставни предмети	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг		Бизнис администратор / Економски техничар		Економски техничар (албански наставен јазик)		Асистент деловен администратор / Продавач - референт за продажни услуги	
	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %
Македонски јазик и литература	108	101	108	98	72	97	108	98
Англиски јазик (прв)	72	101	72	99	72	94	72	97
Француски јазик (втор)	72	106	72	106	72	99	/	/
Руски јазик (втор)	/	/	/	/	/	/	/	/

Германски јазик (втор)	72	103	72	100	/	/	/	/
Албански јазик и литература	/	/	/	/	108	106	/	/
Математика	108	103	108	101	108	94	108	101
Историја	72	104	72	100	72	100	72	100
Информатика	72	106	72	100	72	104	72	104
Бизнис и претприемништво (АДА)	/	/	/	/	/	/	108	96
Бизнис и претприемништво (РПУ)	/	/	/	/	/	/	72	100
Претприемништво и бизнис	108	104	108	101	108	/	/	/
Граѓанско образование	72	104	72	100	72	99	/	/
Деловна комуникација	108	103	108	97	108	102	72	100
Право и државно уредување	72	103	72	92	72	103	/	/
Канцелариско – административно работење	/	/	/	/	/	/	72	97
Економска географија	72	106	72	104	72	104	/	/
Музичка култура	36	106	36	106	36	106	/	/
Спорт и спортски активности	72	100	72	107	72	93	72	104
Ликовна уметност	36	100	36	103	36	102	72	102
Трговија	/	/	/	/	/	/	72	101
Политика на производ	/	/	/	/	/	/	72	101
Биологија	/	/	/	/	/	/	72	108
Практична настава	/	/	/	/	/	/	252	116

Табела бр. 2.6.2 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **втора година**

II година наставни предмети	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг		Економски техничар / Бизнис администратор		Економски техничар (албански наставен јазик)		Продавач - референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор	
	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %
Македонски јазик и литература	108	100	108	102	72	105	108	97
Англиски јазик (прв)	72	99	72	101	72	104	72	106
Германски јазик (втор)	72	100	72	100	/	/	/	/
Француски јазик (втор)	72	104	72	106	72	92	/	/
Руски јазик (втор)	/	/	/	/	/	/	/	/
Деловен англиски јазик	72	97	/	/	/	/	/	/
Албански јазик и литература	/	/	/	/	108	106	/	/
Учење преку работа кај работодавач	/	/	144	103	/	/	/	/
Математика	108	100	108	100	108	102	72	100
Историја	72	100	72	100	72	106	72	100
Информатика	72	100	72	103	72	103	/	/
Бизнис и претприемништво	/	/	/	/	/	/	72	100
Претприемништво и бизнис	108	97	108	97	108	101	/	/

Деловна комуникација	/	/	/	/	/	/	72	100
Основи на сметководство	/	/	108	97	108	101	/	/
Статистика	108	99	72	97	72	103	/	/
Право и државно уредување	72	100	72	100	72	106	/	/
Административно - канцелариски работи	/	/	144	101	/	/	/	/
Географија	/	/	/	/	/	/	72	108
Спорт и спортски активности	72	104	72	100	72	103	72	101
Трговија	/	/	/	/	/	/	72	103
Внатрешна трговија	108	100	108	102	108	105	/	/
Политика на производ	/	/	/	/	/	/	72	100
Административно право	/	/	72	99	/	/	/	
Практична настава	/	/	/	/	/	/	360	97
Канцелариско-административно работење	/	/	/	/	/	/	72	97
Содржини програмирани од училиштето	72	100	72	97	72	92	/	/

Табела бр. 2.6.3 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **трета година**

III година наставни предмети	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор		Економски техничар (албански наставен јазик)		Економски техничар / Правен техничар		Продавач – референт за продажни услуги	
	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %
Македонски јазик и литература	108	105	108	104	72	97	99	95
Англиски јазик	72	103	72	94	72	99	66	92
Деловен англиски јазик	72	97	/		/	/	/	/
Бизнис и претприемништво	/	/	/		/	/	66	95
Економија	72	98	72	103	72	106	/	/
Албански јазик и литература	/		/		108	106	/	/
Маркетинг	108	102	72	103	72	103	/	/
Трговско право	72	103	72	103	72	110	/	/
База на податоци	108	98	/		/		/	/
Социологија	72	100	72	100	72	96	/	/
Учење преку работа кај работодавач	144	92	288	100	144	105	/	/
Спорт и спортски активности	72	107	72	107	72	93	66	101
Трговија	/	/	/	/	/	/	66	100
Математика за економисти	/	/	72	96	72	97	/	/
Финансиско	/	/	108	100	108	101	/	/

сметководство								
Финансиско работење	/	/	108	102	108	100	/	/
Надворешна трговија	108	103	72	100	72	100	/	/
Однесување на потрошувачите	/	/	/	/	/	/	66	101
Математика	/	/	/	/	/	/	66	95
Техники на продажба	/	/	/	/	/	/	66	100
Практична настава	/	/	/	/	/	/	528	87
Содржини програмирани од училиштето	72	106	72	100	72	103	/	/
Изборни предмети								
Онлајн маркетинг микс	72	108	/	/	/	/	/	/
Основни принципи на веб дизајн	72	108	/	/	/	/	/	/
Управување со производ	/	/	72	106	/	/	/	/
Однесување на потрошувачите	/	/	/	/	72	104	/	/
Прекршоци во постапка пред прекршочни органи	/	/	/	/	/	/	/	/

Табела бр. 2.6.4 Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **четврта година**

IV година наставни предмети	Техничар за е- трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор		Економски техничар	
	Планирани	Реализирани во %	Планирани	Реализирани во %
Македонски јазик и литература	99	101	99	98
Англиски јазик	66	100	66	100
Економија	66	104	66	100
Учење преку работа кај работодавач	198	100	330	97
Кореспонденција	99	100	/	/
Спорт и спортски активности	66	104	66	98
Финансиско работење	99	101	/	/
Психологија	33	45	33	55
Проектен менаџмент	99	101	/	/
7Логика	33	106	33	100
Маркетинг	66	101	/	/
Банкарско работење	/	/	99	98
Математика за економисти	/	/	66	98
Менаџмент и бизнис планирање	99	104	99	98
Финансиско сметководство	/	/	99	97
Маркетинг комуникации	99	100	/	/
Е-трговија	99	100	/	/

Правни и етички норми на интернет опкружување	66	95	/	/
Содржини програмирани од училиштето	66	100	66	103
Изборни предмети				
Меѓународни трговски трансакции	/	/	66	100
Интегрирани маркетинг комуникации	/	/	66	100
Технологии за развој на веб	66	98	/	/
Техники на онлајн продажба	66	98	/	/
Креирање на содржина на дигитални канали	66	98	/	/
Промоција и односи со јавност	66	98	/	/

2.7 Анализа на успехот и редовноста на учениците во учебната 2025/2026 година

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД на учениците од I до IV година во учебната 2025/2026 година

Табела 2.7.1 Бројна состојба на учениците

Вкупно ученици на почетокот на годината			Испишани во текот на годината			Запишани во текот на годината			Вкупно ученици на крајот на годината		
м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк
151	87	238	7	6	13	2	1	3	146	82	228

Табела 2.7.2 Ученици по успех на крајот на наставната година

Одлични			Многу добри			Добри			Доволни			Повторуваат			Испит на година			Се упатуваат на поправен испит			Вкупно		
м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк
28	41	69	22	22	44	40	16	56	27	1	28	8	/	8	/	2	2	21	/	21	146	82	228

Од вкупно 228 ученици, наставната година заврши со: 69 (30,26%) одлични, 44 (19,29%) многу добри, 56 (24,56%) добри, 28 (12,28%) доволни, 8 (3,5%) не ја завршиле годината, 2 (0,9) се упатуваат на испит на година и 21 (9,21%) ученици се упатени на поправни испити.

По завршување на испитните сесии, на крајот на учебната година, успехот е следен: 70 (30,70%) се одлични, 44 (19,30%) се многу добри, 57 (25%) се добри, 49 (21,49%) се доволни, 8 (3,50%) не ја завршиле годината

Табела 2.7.3 Поединечен успех по предмети

Предмети	5	%	4	%	3	%	2	%	1	%	М	Вкупно
Македонски јазик и литература	55	24,1	36	15,8	44	19,3	85	37,3	8	3,5	**3,20**	228
Англиски јазик	68	29,8	20	8,8	31	13,6	104	45,6	5	2,2	**3,18**	228
Албански јазик и литература	5	13,9	7	17,4	12	33,3	12	33,3	/	/	**3,14**	36
Француски јазик (втор)	13	23,2	9	16,1	14	25	20	35,7	/	/	**3,26**	56
Руски јазик (втор)	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Германски јазик (втор)	14	51,9	4	14,8	6	22,2	3	11,1	/	/	**4,07**	27

Право и државно уредување	40	44,9	15	16,8	20	22,4	13	14,61	1	1,1	**3,9**	89
Граѓанско образование	25	42,3	11	18,6	12	20,3	14	23,7	1	1,7	**3,97**	59
Претприемништво и бизнис	36	40,4	22	24,7	13	14,61	17	19,10	1	1,1	**3,84**	89
Бизнис и претприемништво	/	/	3	5,77	6	11,6	38	73,1	5	9,6	**2,13**	52
Деловна комуникација	21	30	11	15,7	12	17,1	21	30	5	7,2	**3,31**	70
Економска географија	28	53,8	9	17,3	8	15,4	7	13,5	/	/	**4,11**	52
Географија	/	/	/	/	/	/	16	88,9	2	11,1	**1,9**	18
Внатрешна трговија	15	48,4	8	25,8	5	16,1	3	9,7	/	/	**3,8**	31
Трговија	/	/	/	/	5	14,7	24	70,6	5	14,7	**2,00**	34
Биологија	/	/	/		2	8,7	21	91,3	/	/	**2,1**	23
Административно канцелариски работи	5	83,3	/	/	1	16,7	/	/	/	/	**4,67**	6
Политика на производ	/	/	/	/	1	4,2	14	61	8	34,8	**1,7**	23
Музичка култура	47	79,7	7	11,9	2	3,3	3	5,1	/	/	**4,7**	59
Ликовна уметност	63	84	5	6,7	7	9,3	/	/	/	/	**4,7**	75
Канцелариско административно работење	/	/	1	5,6	8	44,4	2	11,1	7	38,9	**2,17**	18
Математика	20	14,2	14	10	30	21,2	75	53,2	7	5	**2,86**	141
Математика за економисти	3	7,9	1	2,6	9	23,7	24	63,2	1	2,6	**2,5**	38
Историја	46	35,4	23	17,7	19	14,6	39	30	3	2,3	**3,54**	130
Информатика	28	25	15	13,4	22	19,6	45	40,2	2	1,8	**3,2**	112
Банкарско работење	4	25	/	/	2	12,5	8	50	2	12,5	**2,75**	16
Практична настава	/	/	1	3,4	5	17,2	17	58,6	6	20,7	**2,03**	29

Статистика	15	48,4	3	9,7	11	35,4	1	3,2	1	3,2	**3,97**	31
Економија	31	35,6	11	12,6	19	21,9	26	29,9	/	/	**3,5**	87
Основи на сметководството	7	38,9	/	/	7	38,9	4	22,2	/	/	**3,55**	18
Деловен англиски јазик	18	46,1	5	12,8	12	30,8	4	10,1	/	/	**3,94**	39
Административно право	5	83,3	/	/	1	16,7	/	/	/	/	**4,66**	6
Спорт и спортски активности	123	54	20	8,77	16	7,01	68	29,82	1	0,44	**3,86**	228
Техники на продажба	/	/	/	/	2	18,1	9	81,9	/	/	**2,36**	11
Однесување на потрошувачите	/	/	2	18,1	/	/	9	81,9	/	/	**2,45**	11
Трговско право	11	40,8	5	18,5	6	22,2	5	18,5	/	/	**3,81**	27
Е-трговија	21	77,8	5	18,5	1	3,7	/	/	/	/	**4,74**	27
Маркетинг комуникации	18	66,6	1	3,8	2	7,4	6	22,2	/	/	**4,14**	27
Социологија	9	21	18	41,9	7	16,3	9	21	/	/	**3,63**	43
Учење преку работа кај работодавач	79	80,6	6	6,1	12	12,24	1	1,02	/	/	**4,66**	98
Правни и етички норми на интернет опкружување	23	85,7	1	3,7	3	11,1	/	/	/	/	**4,74**	27
Финансиско сметководство	8	21	4	10,53	13	34,2	12	31,6	1	2,63	**2,95**	38
Финансиско работење	4	17,39	2	8,7	1	4,34	16	70	/	/	**2,74**	23
Надворешна трговија	7	16,67	4	9,52	10	23,81	18	42,86	3	7,14	**2,81**	42
Кореспонденција	1	100	/	/	/	/	/	/	/	/	**5,00**	1
Бази на податоци	9	45	5	25	6	30	/	/	/	/	**4,15**	20
Психологија	32	72,7	6	13,64	6	13,64	/	/	/	/	**4,59**	44
Логика	25	56,8	11	25	8	18,18	/	/	/	/	**4,39**	44

Маркетинг	11	25,6	9	20,93	10	23,26	13	30,23	/	/	**3,41**	43
Проектен менаџмент	1	100	/	/	/	/	/	/	/	/	**5,00**	1
Менаџмент и бизнис планирање	18	40,91	11	25	8	18,18	6	13,64	/	/	**3,86**	44
Изборни предмети												
Онлајн маркетинг микс	5	50	1	10	4	40	/	/	/	/	**4,10**	10
Однесување на потрошувачите	/	/	/	/	5	31,25	11	68,75	/	/	**2,31**	16
Меѓународни трговски трансакции	1	12,5	1	12,5	2	25	4	50	/	/	**2,87**	8
Основни принципи на веб дизајн	9	90	1	10	/	/	/	/	/	/	**4,9**	10
Техники на онлајн продажба	7	70	2	20	1	10	/	/	/	/	**4,2**	10
Управување со производ	3	50	1	16,7	1	16,7	1	16,7	/	/	**4,00**	6
Техники за развој на веб	10	100	/	/	/	/	/	/	/	/	**5,00**	10
Прекршоци во постапка пред прекршочни органи	1	100	/	/	/	/	/	/	/	/	**5,00**	1
Промоција и односи со јавноста	1	100	/	/	/	/	/	/	/	/	**5,00**	1
Креирање на содржина за дигитални канали	4	57,1	2	28,6	1	14,3	/	/	/	/	**4,42**	7
Интегрирани маркетинг комуникации	2	25	1	12,5	1	12,5	3	37,5	1	12,5	**3,00**	8
Вкупно	**1055**	**37,24**	**366**	**12,92**	**445**	**15,71**	**864**	**30,5**	**103**	**3,64**	**3,44**	**228**

Врз основа на анализата на успехот по наставни предмети, може да се констатира дека највисок процент на оценки **одличен (5)** е постигнат по предметите **Правни и етички норми на интернет опкружување** (85,7%), **Ликовна уметност** (84%), **Административно канцелариски работи** (83,3%), **Административно право** (83,3%), **Учење преку работа кај работодавач** (80,6%), **Музичка култура** (79,7%) и **Е-трговија** (77,8%). Кај изборните предмети, највисок процент на оценки одличен (5) е постигнат по предметот **Основни принципи на веб дизајн** (90%), додека предметите **Техники за развој на веб**, **Прекршоци во постапка пред прекршочни органи** и **Промоција и односи со јавноста** имаат 100% оценки одличен, но се реализирани со група ученици. Најголем број негативни оценки во апсолутен износ се евидентирани по

предметите **Македонски јазик и литература** (8 ученици), **Политика на производ** (8 ученици), **Математика** (7 ученици), **Канцелариско административно работење** (7 ученици), **Практична настава** (6 ученици), **Англиски јазик** (5 ученици), **Бизнис и претприемништво** (5 ученици) и **Трговија** (5 ученици). Според процентуалната застапеност на негативните оценки, најнеповолни резултати се забележуваат по предметите **Канцелариско административно работење** (38,9%), **Политика на производ** (34,8%), **Практична настава** (20,7%), **Трговија** (14,7%) и **Бизнис и претприемништво** (9,6%).

Највисок просечен успех е остварен по предметите **Ликовна уметност** (4,70), **Музичка култура** (4,70), **Административно канцелариски работи** (4,67), **Административно право** (4,66), **Учење преку работа кај работодавач** (4,66), **Е-трговија** (4,74), **Правни и етички норми на интернет опкружување** (4,74), **Психологија** (4,59) и **Логика** (4,39). Кај изборните предмети највисок просек е постигнат по предметот **Основни принципи на веб дизајн** (4,90). Најнизок просечен успех е евидентиран по предметите **Политика на производ** (1,70), **Географија** (1,90), **Трговија** (2,00), **Практична настава** (2,03), **Биологија** (2,10), **Бизнис и претприемништво** (2,13), **Канцелариско административно работење** (2,17) и **Однесување на потрошувачите** – изборен предмет (2,31).

Вкупниот просечен успех на учениците по сите наставни предмети изнесува **3,44**, што укажува на добар општ успех на учениците во текот на учебната година, со потреба од дополнителна поддршка и унапредување на постигањата по предметите со поголем број негативни оценки и понизок просечен успех.

Табела 2.7.4 Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната и учебната 2025/2026 година

Година на образование	Вкупно	Ж	Постигнат успех				Вк	Со недоволен успех			Испит на година	Среден успех
			Одличен	Многу добар	Добар	Доволен		со 1 слаба	со 2 слаби	со 3 и повеќе слаби		
1 година	**75**	**27**	19	17	19	11	**66**	3	3	2	1	**3,52**
2 година	**55**	**20**	16	9	10	7	**42**	5	3	5	/	**3,32**
3 година	**54**	**13**	11	9	17	7	**44**	7	2	/	1	**3,21**
4 година	**44**	**22**	23	9	10	1	**43**	/	/	1	/	**3,97**
Вкупно	**228**	**82**	**69**	**44**	**56**	**26**	**195**	**15**	**8**	**8**	**2**	**3,44**

Од табеларниот приказ може да се забележи дека учениците од четврта година имаат најдобар успех (3,97), а додека пак учениците од трета година имаат најслаб успех (3,21). Најмногу одлични ученици има во четврта година (23), а најмалку во трета година (11), со оглед на бројот на деца. Средниот успех на ниво на училиште изнесува 3,44.

Табела 2.7.5 Преглед на средниот успех по паралелки и квалификации за учебната 2025/2026 година

Струка / Сектор	Профил / квалификација	I - година		II - година		III - година		IV - година		Вкупно I - IV	
		пар	успех	пар	успех	пар	успех	пар	успех	пар	успех

Економско - правна и трговска / Економија право и трговија	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг	1-а	4,47	2-а	3,84	3-а	3,97	/	/	3	4,09
	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / бизнис администратор	/	/	/	/	/	/	4-а	4,62	1	4,62
	Продавач - референт за продажни услуги	/	/	/	/	3-г	2,27	/	/	1	2,27
	Економски техничар / Бизнис администратор	/	/	2-б	4,37	/	/	/	/	1	4,37
	Бизнис администратор / Економски техничар	1-б	3,51	/	/	/	/	/	/	1	3,51
	Економски техничар / Правен техничар	/	/	/	/	3-б	4,09	/	/	1	4,09
	Економски техничар	/	/	/	/	/	/	4-б	3,32	1	3,32
	Економски техничар (албанска наставен јазик)	1-в	3,80	2-в	3,19	3-в	2,54			3	3,18
	Асистент деловен администратор / Продавач - референт за продажни услуги	1-г	2,35	/	/	/	/	/	/	1	2,35
	Продавач - референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор	/	/	2-г	1,91	/	/	/	/	1	1,91
Вкупно		**4**	**3,52**	**4**	**3,32**	**4**	**3,21**	**2**	**3,97**	**14**	**3,44**

Споредувајќи го просечниот успех по паралелки во година, можеме да заклучиме дека најдобар успех имаат паралелките: 1-а, 2-б, 3-б и 4-а. Најслаб успех имаат паралелките: 1-г, 2-г, 3-г и 4-б. Најдобар среден успех во целото училиште има паралелката 4-а (4,62) а најслаб среден успех има паралелката 2-г (1,91). Општиот среден успех на училиштето за крајот на учебната 2025/2026 година е 3,44, а во учебната 2024/2025 година бил 3,26. Гледано по профили, највисок просек има комбинираната паралелка со квалификациите Техничар за е-трговија и дигитален

маркетинг/Бизнис администратор (4,62), а најслаб комбиниранат паралелка со профилите Продавач-референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор со тригодишно образование (1,91).

Табела 2.7.6 Преглед на изостаноци по паралелки профили/квалификации за учебната 2025/2026 година

Струка / Сектор	Профил	I - година		II - година		III - година		IV - година		Вкупно I - IV	
		пар	Σ	пар	Σ	пар	Σ	пар	Σ	пар	Σ
Економско-правна и трговска / Економија право и трговија	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг	1-а	51	2-а	44	3-а	44	/	/	3	139
	Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг/ Бизнис администратор	/	/	/	/	/	/	4-а	31	1	31
	Продавач - референт за продажни услуги	/	/	/	/	3-г	56	/	/	1	56
	Економски техничар / Бизнис администратор	/	/	2-б	34	/	/	/	/	1	34
	Бизнис администратор / Економски техничар	1-б	49	/	/	/	/	/	/	1	49
	Економски техничар	/	/	/	/	/	/	4-б	61	1	61
	Економски техничар / Правен техничар	/	/	/	/	3-б	34	/	/	1	34
	Економски техничар (албански наставен јазик)	1-в	24	2-в	79	3-в	103	/	/	3	206
	Асистент деловен администратор / Продавач - референт за продажни услуги	1-г	102	/	/	/	/	/	/	1	102
	Продавач - референт за продажни услуги/Асистент деловен администратор	/	/	2-г	117	/	/	/	/	1	117
Вкупно		**4**	**62**	**4**	**70**	**4**	**63**	**2**	**42**	**14**	**59**

Според изостаноците, најредовни биле учениците од паралелките: 1-в, 2-б, 3-б и 4-а. Најмалку редовни биле паралелките: 1-г, 2-г, 3-в и 4-б. Најредовна паралелка на ниво на цело училиште била 1-в клас со 24 изостаноци просечно по ученик, а најмалку редовен клас во училиштето бил 2-г клас со 117 изостаноци просечно по ученик. Просекот на изостаноци за цело училиште изнесува 59, а за 2024/2025 година изнесувал 55. Гледано по профили најредовни биле учениците од квалификациите Економски техничар / Бизнис администратор, Економски техничар / Правен техничар, Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг/ бизнис администратор, а најмалку редовни учениците од тригодишно образование: Асистент деловен администратор / Продавач - референт за продажни услуги, Продавач - референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор и Продавач - референт за продажни услуги.

Табела 2.7.7 Изостаноци и поведение по паралелки

Струка / Сектор	Година на образование	Изостаноци				Поведение			
		Оправдани	Неоправдани	Вкупно	Просек	Примерно	Добро	Незадоволително	Вкупно
Економско - правна и трговска / Економија право и трговија	I година	4281	335	4616	62	72	1	2	75
	II година	3320	557	3877	70	42	9	4	55
	III година	2907	475	3382	63	40	13	1	54
	IV година	1630	226	1856	42	43	/	1	44
	Вкупно	**12138**	**1593**	**13731**	**59**	**197**	**23**	**8**	**228**

Од прегледот на изостаноци за учениците во учебната 2025/2026 година во ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес може да се утврди дека вкупно се направени 13731 изостаноци или просечно 59 изостаноци по ученик. Најредовни биле учениците од четврта година со направени просечно 42 изостаноци по ученик, а најмалку редовни биле учениците од втора година со направени во просек 70 изостаноци по ученик. Од прегледот може да се утврди дека 197 ученици ја завршиле учебната година со примерно поведение, 23 со добро и 8 со незадоволително поведение. Осум ученици ја повторуваа годината и тоа: двајца од прва,четворица од втора година и по еден ученик од трета и четврта година.

2.8 Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

Наставниците ги следат перманентно ученичките знаења во наставата, а воедно и објективно ги оценуваат со примена на современи методи, со што се добива транспарентност во оценувањето како една од важните компоненти за квалитетно образование.

За вреднување и оценување на трудот и залагањата на учениците, наставниот кадар ги користеше следниве методи и техники:

1. Усно оценување
2. Описно оценување
3. Бројчано оценување од 1- 5
4. Писмена работа
5. Тестови на знаења, контролни работи со самостојно изготвување на инструменти за вреднување на знаењата
6. Оценување преку проектна задача

На ниво на активи беа изготвени критериуми за оценување за кои учениците беа информирани, а со кои се постигнува реално вреднување на постигањата на учениците, а исто така и поголема мотивација на учениците за подобрување на личниот успех.

2.9 Согледување за реализација на додатна, дополнителна настава и воннаставни активности

Во текот на учебната 2025/2026 година, дополнителната настава се реализираше согласно законските прописи и потребите на учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини. Секој предметен наставник изготви план за реализација на дополнителната настава, кој беше доставен до директорот и стручната служба на почетокот на учебната година. Наставата се реализираше континуирано, преку групна и индивидуална работа, со цел надминување на утврдените потешкотии и подобрување на постигањата на учениците. Додатната настава беше организирана за ученици кои покажуваат посебен интерес, способности и постигнувања во одредени наставни области, како и за подготовка за натпревари, проектни активности и други форми на афирмација на знаењата и вештините. Предметните наставници изготвија соодветни планови за работа и континуирано ги поддржуваа талентираните ученици во нивниот развој и напредок. Директорот на училиштето и стручната служба изготвија распоред за реализација на дополнителната и додатната настава, кој беше навремено доставен до Државниот просветен инспекторат, во согласност со законски утврдениот рок.

Покрај редовната настава, учениците активно беа вклучени и во различни воннаставни активности, преку кои се поттикнуваше развојот на нивните интереси, креативност, тимска работа и одговорност. Реализацијата на овие активности придонесе за збогатување на воспитно-образовниот процес и за целосен развој на личноста на учениците. Општа оценка е дека додатната, дополнителната настава и воннаставните активности беа успешно реализирани и дадоа позитивен придонес во подобрувањето на постигањата, мотивацијата и активното учество на учениците во воспитно-образовниот процес.

2.10 Учество на организирани манифестации и настани организирани од страна на училиштето

Училиштето, преку своите претставници (директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители) беа вклучени во сите значајни манифестации на кои училиптето доби покана. Исто така, наведени се и манифестациите кои се организирани од страна на нашето училиште по повод различни настани:

Покрај активностите кои беа реализирани од претставниците на секој актив поединечно, во училиштето се спроведуваа и други активности во кои учество земаа професори- претставници од сите активи, стручната служба на училиштето и директорот. Реализирани беа следниве активности:

- 1.09.2025 – во училишниот двор се одржа свеченост по повод 65 години постоење на средното економско училиште „Јовче Тесличков“. На настанот учество земаа поранешни колеги како и ученици кои со своите постигнати успеси и резултати низ образовниот процес на училиштето, нему и на Велес, му носеле бројни дипломи, благодарници и медаљи. За вредностите и знаењето на учениците како и за ангажирањето како и посветеноста на своите и колегите низ изминатите шест ипол децении пред присутните колеги и гости говореше директорот Васко Трајковски. Гости на јубилејната вечер беа Министерката за образование и наука Весна Јаневска, Државниот секретар во МОН, Елена Ивановска, Градоначалникот на Општина Велес Марко Колев, општинските и државниот инспектор за образование, претставници на фирми кои се партнери на училиштето во реализација на дуално образование и други образовни проекти како и бројни соработници;
- 11,12 и 19.09.2025 – во просториите на Европска Куќа, Велес се одржа обука од Програмата за градење капацитети на кариерни советници. Кариерниот советник од нашето училиште Македонка Миланова и Тимот за кариерно советување составен од педагогот Билјана Коџабашиева и наставниците Соња Савевска и Марија Левкова Куновска, ја следеше обуката и се стекна со вештини за поддршка на учениците при изборот на кариерата;
- 17.09.2025 - Работилница со ученици од I-б клас на тема „Развивање на свесноста за сопствените емоции” – реализирана од педагогот Билјана Коџабашиева, а во рамки на спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес;
- 23.09.2025 – наши ученици со наставник Наташа Михова, ја посетија ликовната изложба на архитект Петар Намичев, во Спомен куќата на Касапови. Настанот го организираше ЛУ Народен музеј Велес, а во рамките на Европските денови на културно наследство;
- 24.09.2025 – училишниот педагог реализираше работилница на тема „Работа со млади - Справување со емоции“ (по дадени насоки на МОН и БРО);
- 29.09.2025 – се одржа конститутивен состанок на Ученичкиот совет. На состанокот беа присутни претставниците од сите класови и на фер и демократски начин, беа избрани за претседател - Марија Нојкова од 3-б, потпретседател - Марко Варналиев од 3-а и записничар Анастасија Пеева од 1-б. Одговорни професори :Милка Петровски, педагог Билјана Коџабашиева и каиерен советник Македонка Миланова;
- 30.09.2025 – во просториите на училиштето беше реализирана обука на тема: „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици“. Обуката беше наменета за наставниот кадар и беше реализирана од страна на обучувач Љубинка Чанева, организирана од страна на БРО и Академија ЦЕС;

- 30.09.2025 – се одржа обука организирана од МОН, во реализација на Глобал Нет АДВ за „Зајакнување на вештините на стручните соработници за професионална и кариерна ориентација кај учениците“. Обуката беше наменета за Кариерните советници и стручната служба. На обуката учество земаа Македонка Миланова и Билјана Коџабашиева;
- 02.10.2025 – ученичката компанија Playful Pages се претстави на настанот „Инспиративни приказни од млади претприемачи“ организиран од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА. Меѓу многуте инспиративни говорници, во контекст на младите и претприемништвото, својата приказна, во Инокс Центарот во Скопје, ја споделија менторот и една ученичка од тимот. Менторот Радмила Андовска зборуваше за значењето на процесот на создавање и учење, а ученичката Ива Петровска како претставник на компанијата, ја презентираше сликовницата „Стари детски игри“, нагласувајќи ја нејзината иновативна, едукативна и инклузивна вредност;
- 03.10.2025 – во рамките на Кариерниот центар на нашето училиште се одржа успешна врсничка едукација на тема: „Кариерно портфолио – мојот пат кон иднината“. Целта на оваа активност беше учениците да се запознаат со значењето и улогата на кариерното портфолио како современ начин на претставување на своите знаења, вештини и постигнувања. Преку практични примери, активности и споделување лични искуства, тие добија можност да научат како правилно да го изработат и презентираат сопственото портфолио. Едукацијата беше реализирана од учениците Леонид Велинов од 3а и Марија Бошевска од 4а клас кои Со својот пример покажаа дека младите можат да бидат двигатели на позитивни промени и поддршка во заедничкиот развој;
- 06.10.2025 – во нашето училиште беше одбележан Денот на наставникот. Учениците изработија честитки и пораки со кои ја изразија својата благодарност и почит кон своите наставници, нагласувајќи ја важноста на нивната посветеност и труд во образовниот процес;
- 12-15.10.2026 – наставникот Радмила Андовска, учествуваше на обуката „Train the Trainer“ организирана од JA Malta, посветена на финансиска писменост и претприемништво. Во тридневната програма учествуваа 15 наставници од 11 европски земји, кои преку практични активности и размена на искуства ја зајакнаа својата улога во едукацијата на идните генерации. Посетата заврши со учество на конференцијата „Together for Financial Wellbeing“, организирана од JA Malta, посветена на унапредување на финансиските вештини и добросостојба;
- 06-07.10.2025 – во училиштето се одржа дводневна обука за Програмата за Ментално здравје за класни раководители одобрена од БРО. За време на оваа обука раководителите на паралелки се стекнаа со нови креативни знаења и вештини за да се справат со менталните предизвици во секојдневието со нивните ученици.Во рамки на проектот беше реализирана обука и со стручниот соработник Билјана Коџабашиева;
- 13.10.2025 – нашите ученици Марко Варналиев,Марија Николова и Давор Маневски земаа учество на онлајн работилница за ученички заедници. Оваа работилница се реализираше во рамки на проектот за ментално здравје;
- 16.10.2025 – инспекциски надзор од страна на државниот просветен инспектор Гордан Стојчевски;
- 20.10.2025 – по повод патрониот празник нашето училиште организира работилница „From Trash to Cash“ за ученици 9-то одделение од четирите основни училишта во градот. Концепт на работилницата беше: „Зелена бизнис идеја од отпад“, а учениците создаваа еко-производи од отпад - креативни, економични и подготвени за продажба. Ученицита на овој начин имаа можност да применат креативност, еколошко и економско размислување, но и да научат за буџетирање, пазарна конкуренција,Тимска работа, комуникација и одговорност. Одговорни наставници Радмила Андовска, Марија Панчевска и Маја Талеска Панова;
- 20.10.2025 – училишниот педагог реализираше работилница со учениците од 2-а паралелка на тема „Другарството не поврзува“;

- 23.10.2025 – во организација на Ученичкиот совет на нашето училиште, се реализираше првата средношколска забава во учебната 2025/26 година, во хотел Гарденија – Велес;
- 24.10.2025 – по повод патрониот празник на нашето училиште, Кариерниот Центар ја реализираше првата од серијата на кариерни работилници под мотото „Патот кон кариерата“. Првиот гостин беше Менче Коцева, претставник од уосигурителна компанија, која им овозможи на учениците да го запознаат светот на осигурувањето, професиите во овој сектор и вештините потребни за успешна кариера. Целта на работилницата е преку реални примери и разговор со професионалци, учениците да добијат насоки за нивниот личен и професионален развој;
- 24.10.2025 – како дел од активностите по повод патрониот празник, се одржаа спортски натпревари во баскет 3x3 и футсал со тимови од ОСУ „Јовче Тесличков" и ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес;
- 28.10.2025 – извршен инспекциски надзор од општински просветен инспектор Македонка Виларова;
- 29.10.2025 – настан во рамките на проектот Вело училиште, поддржан од ученици, гости од деветто одделение, и наши ученици од прва и втора година. Целта на настанот е да се развива свеста за почесто користење на велосипеди во секојдневните активности, како и креативност и посветеноста кон велосипедизмот;
- 31.10.2025 – по повод патронатот на училиштето ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес,ученици од нашето училиште под менторство на наставникот Златко Гуцев земаа учество во пријателски натпревар во во баскет 3x3 и футсал;
- 31.10.2025 – по повод 31 октомври - Светскиот ден на штедењето, во нашето училиште се одржа кратка едукативна работилница. Гостин беше г-ѓа Марија Јанчева, претставник од Уни банка, која на учениците им сподели совети за важноста на штедењето;
- 04.11.2025 – нашите ученици Марија Ивановска, Марија Ќирић, Кристијан Буов и Трајче Димитриев, заедно со наставникот Маја Талеска Панова, присуствуваа на Ecommerce Conference 2025 — настан посветен на иднината на онлајн трговијата, иновациите и интеграцијата на вештачката интелигенција во онлајн бизнисите;
- 04.11.2025 – во големата сала на општина Велес, го одбележавме Денот на училиштето и јубилејот – 65 години постоење! Учениците се претставија со моќен и инспиративен музичко-поетски перформанс под наслов „За македонските работи“, посветен на македонскиот јазик, култура и идентитет. Истиот беше подготвен од наставникот по македонски јазик и литература Жаклина И. Зафирчева и наставникот по англиски јазик Рената Софијанова Николова;
- 05.11.2025 – во нашето училиште се одржа едукација на млади за навремено плаќање на даноците за овозможување поквалитетен живот на граѓаните. Едукативното предавање го одржа преставник од Управа за јавни приходи Велес, Василка Завкова во присуство на професор Орхидеја Х.П. Јованова;
- 05.11.2025 – ученици од нашето училиште – Леонид Велинов, Марија Ивановска, Кристијан Буов, Трајче Димитриевски и Марија Кириќ, заедно со одговорниот професор Маја Талеска Панова, присуствуваа на регионална конференција за е-трговија, организирана од Македонската асоцијација за е-трговија;
- 06.11.2025 – наши ученици заедно со наставникот Радмила Андовска во улога на бизнис волонтери го помогнаа на кампот на иновации во ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски" Велес во организација на Junior Achievement Macedonia;
- 09.11.2025 – на училиштето му беше доделена „Благодарница 2025“ од Општина Велес, по повод 9 Ноември - Денот на ослободувањето на Велес, за 65-годишен придонес на ОСУ „Јовче Тесличков" во образовната дејност во градот;

- 09.11.2025 – се одржа Дабар – интернационален предизвик (натпревар) за ученици од основните и средните училишта, со цел промоција на информатиката и сродните науки, кој се организира во повеќе држави ширум светот. Натпреварот се реализираше во периодот од 10 до 14 ноември 2025 година. Учество зедоа ученици од I до IV година, вкупно 124 ученици. Најдобри резултати постигнаа: Марија Бошевска од 4-а со 75 поени и Тео Гајдов од I-а со 75 поени. Со учеството на натпреварот беше поттикнат развојот на логичкото размислување, дигиталните компетенции интересот на учениците за информатиката. Ментор: Антонио Пановски;
- 12.11.2025 – по повод 9 Ноември - Денот на ослободувањето на Велес ,ученичките Марија Иванова и Марија Ќириќ од 4-а и нивните менторки професорките Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска добија признанија за најуспешни ученици и ментори;
- 13.11.2025 – по повод Светскиот ден на сметководителите, во нашето училиште ОСУ „Јовче Тесличков", гостуваа претставници од Станбен управител Вел-Дом и тоа: сметководител Теодора Червенков и правник Магдалена Стојанова Индов. Одговорни наставници: Марија Панчевска и Наташа Михова;
- 14.11.2025 – како дел од 58. Детски Рацинови средби, се одржа ораторски натпревар на тема: „Работничко мастило-поетска крв”. На истиот учествуваа нашите ученички Елиф Демир и Мерве Исмаилова. Во конкуренција од 12 учесници од цела држава, нашата ученичка Мерве Исмаилова, освои трета награда. Ученичките се подготвуваа под менторство на професорката Милка Петровски;
- 14.11.2025 – се одржа воведна обука за Кариерни советници организирана од МОН, а спроведена од Агенција за советници за развој на кариера, предавач Марија Коваческа. На истата учествуваше кариерниот советник Македонка Миланова;
- 18.11.2025 – учениците Елена Петрова, Александра Станојковиќ, Меланија Андова, Дамјан Кимовски и Јована Димковска под менторство на училишниот педагог Билјана Коџабашиева.беа во улога на врснички едукатори во рамките на проектот „Безбедна училишна средина“. Тие реализираа едукативна работилница на тема: „Стоп за врсничкото насилство – јас сум дел од решението!“ Работилницата придонесе за подигнување на свеста кај учениците, поттикнување на меѓусебна поддршка и градење позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима;
- 21-22.11.2025 – се одржа Четвртата мировна конференција одржана од страна на Првата детска амбасада Меѓаши. На истата беа присутни директор м-р Васко Трајковски како и дел од членовите на училишниот тим за мировно образование Марија Левковка Куновска, Нада Јованова и Милка Петровски. Преку работа во мали групи се споделија различни идеи и практики за Мрежата на мировни училишта. Исто така се изработи заедничка Повелба/Декларација на Мрежата на мировните училишта со што се официјализираше нејзиното формирање, со што се постави јасна долгорочна цел; мировното образование да стане целосно интегрален и функционален дел на воспитно-образовниот систем во Република Македонија;
- 22.11.2025 – по повод глобалната недела на претприемништво учениците од паралелка 4-а организираа активности за промоција на претприемништвото кај младите. Изработија мотивациски мурал, мотавициски претприемнички пораки со QR код и кратки видеа. Одговорни наставници Маја Талеска Панова и Радмила Андовска;
- 25.11.2025 – наставникот Маја Талеска Панова учествуваше на обука организирана од Националниот тим за стручно образование, преку тематски вебинар посветен на зелените вештини во стручното образование;
- 04.12.2025 – наставниците Маја Талеска Панова и Радмила Андовска учествуваа на воведен состанок, организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, на кој беа презентирани информации за правата и обврските што произлегуваат од Договорот за грант, како и за активностите што треба да се преземат во текот на целото времетраење на проектот;

- 11.12.2025 – 14 ученици од II, III и IV година земаа учество на Економската Олимпијада 2025 година, прв циклус училиштен online натпревар. Учениците со најдобри резултати одат понатаму на регионален натпревар. Одговорен наставник Радмила Андовска;
- 12.12.2025 – беше поднесена апликација за натпреварот „Нашите зелени приказни во стручното образование и обука“, чија цел е промоција на најуспешните приказни и искуства од институции и организации поврзани со зелени вештини и зелени иницијативи. Натпреварот е организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а во истиот учествуваа ученици од 1-а и 1-б клас, под менторство на наставник Маја Талеска Панова;
- 15.12.2025 – ученици беа во посета на највисокиот законодавен орган во државата - Собранието. Тие се запознаа со историјата, надлежностите и начинот на работа на Собранието. Одговорни наставници: Милка Петровски и Суат Усејнов.;
- 15.12.2025 – во нашето училиште се одржа креативна работилница „Кариерна иновација" на која учествуваа деветтоодделенците од ООУ „Васил Главинов". Оваа работилница ја реализира ученицте од 2-а клас заедно со одговорните наставници Соња Савевска и Ангелина Мачавелова;
- 17.12.2025 – група ученици од нашето училиште придружувани од психологот Катерина Ефремова и кариерниот советник Македонка Миланова беа дел од Деновите на психологија – во организација на Меѓународен Славјански Универзитет;
- 18.12.2025 – во рамките на активностите на Кариерниот центар беше реализирана кариерна работилница со поранешен ученик на училиштето Кристијан Милошевиќ, адвокат во реномирана меѓународна адвокатска канцеларија;
- 19.12.2025 – учениците од IV година кои претходната учебна година беа дел од програмата „Ученичка компанија“ на Џуниор Ачивмент Македонија, пристапија кон полагање на меѓународниот испит за Entrepreneurial Skills Pass (ESP). Успешното полагање на овој тест им овозможува на учениците стекнување со меѓународно признат сертификат за нивните претприемачки компетенции и бизнис вештини. Одговорни наставници Маја Талеска Панова и Радмила Андовска;
- 22.12.2025 – во хотел „Хилтон“, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ја одржа годишната Валоризациона конференција „Од идеја до влијание“, посветена на резултатите, искуствата и влијанието на програмата Еразмус+, на која по покана присуствуваше наставник Маја Талеска Панова;
- 22.12.2025 – во просториите на Europe House Veles, беше реализиран настан во организација на Канцеларијата на Обединетите нации, во соработка со Делегацијата на Европската Унија и Europe House Veles, во рамки на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“. На настанот активно учество зедоа ученици од II, III и IV година. Истиот се реализираше во форма на форум театар, со фокус на темата психолошко насилство, неговото препознавање и превенција кај младите. Преку интерактивен и едукативен пристап, учениците имаа можност да развиваат критичко размислување, да учествуваат во дијалог и активно да се вклучат во дискусијата. Одговорно лице: училишен педагог Билјана Коцабашиева;
- 24.12.2025 – нашите ученици од Училишната маркетинг агенција со огромна љубов подготвија рачно изработени честитки и симболични подароци за своите другарчиња од ОУРЦ „Маца Овчарова“. Ги посетија и преку заедничкото дружење, уште еднаш научија дека радоста се множи само кога се дели. Одговорни наставници Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- 24.12.2025 – во просториите на нашето училиште се одржа едукативно предавање на тема „Штетност и последици од употреба на пиротехнички материјали“. Предавањето беше реализирано од страна на претставници од Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје и МВР – Велес, кои преку стручно и практично излагање ја истакнаа важноста од одговорно однесување и превенција;

- 24.12.2025 – беа доделени стипендии од Општина Велес и компаниите ,,Агриа" и ,,Жито Маркети" за најдобрите ученици, Марко Варналиев и Ангела Јошевска од 3-а и Марија Бошевска и Марија Иванова од 4-а паралелка;
- 29.12.2025 – на изборот на спортисти на Велес за 2025 год. Сојузот на спортови Велес и општина Велес доделија диплома на нашиот ученик Баже Гугинов, член на ККК Арка Борец;
- Согласно известувањето и насоките дадени од Министерството за образование и наука за унапредување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците, Бирото за развој на образованието направи листа на работилници од Програмата за психосоцијална помош и поддршка и Модулот за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем. Во согласност со дадените насоки, од страна на педагошко-психолошката служба:психолог Катерина Ефремова и педагог Билјана Коџабашиева се реализираа следните работилници:
  - 19.11.2025 год. –„Справување со лутина и стрес“ , со учениците од 1-а паралелка;
  - 24.11.2025 год. – „Справување со тешки искуства“, со учениците од 4-б паралелка;
  - 02.12.2025 год. – „Саморегулација и самоконтрола“, со учениците од 1-г паралелка;
  - 04.12.2025 год. – „Чесни одлуки“, со учениците од 1-б паралелка;
  - 22.12.2025 год. – „Справување со стрес“, со учениците од 2-а паралелка;
  - 23.12.2024 год. – „Самодоверба“, со учениците од 3-в паралелка;
- 21.01.2026 – согласно насоките на МОН и БРО за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците се реализираа работилници со ученици од 2-а и 2-б на тема „Справување со тешки искуства“ и со учениците од 1б на тема „Самодоверба“ .Работилниците ги реализираа психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коџабашиева;
- 22.01.2026 – реализирана работилница на тема „Развивање на благодарноста“ со ученици од 1-в. Реализирана од страна на психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коџабашиева;
- 29.01.2026 – извршена вакцинација против Тетанус на учениците од трета година во просториите на училиштето;
- 04.02.2026 – презентација пред матурантите од претставници од Интернационален Балкански Универзитет Скопје за учениците од завршните години;
- 04.02.2026 – по повод одбележувањето на 154 години од раѓањето на патронот Гоце Делчев во медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, со поетски перформанс на тема „За македонските работи“, настапија учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, под менторство на професорките Жаклина Ивановска Зафирчева и Рената Софијанова Николова.
- 04–07.02.2026 – во организација на Прва детска амбасада во светот Меѓаши, во Дојран, се одржа базичен тренинг за мировно образование и градење мир, во рамки на Програмата за мировно образование, на која присуствуваше директорот на училиштето Васко Трајковски;
- 05.02.2026 – реализирана работилница на тема „Развивање на свесност за сопствените емоции“ од страна на психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коџабашиева;
- 05.02.2026 – ученици од прва година учествуваа на Регионалниот натпревар по Географија под менторство на наставник Каролина Манаскова. Учениците: Филип Пљаков и Тоше Костадинов од 1-а паралелка, Анастасија Пеева од 1-б паралелка се пласираа на Државниот натпревар по Географија;

- 05.02.2026 – наши ученици под менторство на училишниот педагог Билјана Коџабашиева зедоа учество на еднодневна работилница за превенција на насилен екстремизам за општините во секторите за дејности од јавен интерес на тема: „Градење на отпорни и инклузивни заедници“. Организатор и реализатор на истата беше Македонското здружение на млади правници со подршка на Канцеларијата на националниот координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам;
- 12.02.2026 – по повод „Св. Валентин" - Денот на вљубените, ОСУ „Јовче Тесличков“- Велес во соработка со Europe House Veles, организираше настан “Love mode: ON” (Presentation, Game, Quiz& Discussion) обработувајќи ја темата „љубов“ во најширока смисла на зборот преку искрено пријателство, почит, разбирање, поддршка, доверба и чувство на безбедност на социјалните мрежи, онлајн, како и во реалниот живот.Одговорни наставници Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;
- 13.02.2026 – нашето училиште беше домаќин на дел од натпреварувачите во рамки на Регионалниот круг на натпреварот „Економска Олимпијада 2026“. Учениците: Елена Петрова, Леонид Велинов, Марија Петкова, Александра Кочевска и Тамара Камчева, ученици од втора и трета година - достојно го претставија училиштето;
- 13.02.2026 – реализирана работилница на тема „Ослободување од стрес и лутина“ од страна на психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коџабашиева;
- 16.02.2026 – презентација пред матурантите од страна на преставници на Технолошко-техничкиот факултет Велес;
- 17.02.2026 – одржана едукативна активност – работилница на тема „Пушењето и неговата штетност“, насочена кон подигање на свеста за штетноста од пушењето и зајакнување на личните вештини на учениците за справување со врснички притисок. Работилницата ја реализираа психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коџабашиева, во соработка со претставници од Ученичкиот совет: Марија Нојкова, Марко Варналиев и Елена Петрова;
- 18.02.2026 – ученици од четврта година, со наставник Жаклина И.Зафирчева, присуствуваа на Отворениот ден на Технолошко - техничкиот факултет во Велес;
- 19.02.2026 – учество на нашите ученици (Марија Димовска, Леона Галева, Хариса Мргуда, Димитар Атанасовски и Петар Стојанов од 1-а) на завршниот настан од проектот „Справување со предизвикувачко однесување во младинската работа (CCBY) во Европска куќа Велес;
- 20.02.2026 – реализирана кариерна работилница од кариерниот советник Македонка Миланова со Тимот за кариерно советување. Гости Милица Ристовска Темелковска (поранешен психолог и професионалец во човечки ресурси) и Пенчо Андреев (педагог и наш поранешен ученик);
- 24.02.2026 – наши ученици, беа дел од подготовките за Симулација на Совет на Општина Велес – иновативна иницијатива преку која младите ја преземаат улогата на советници и учествуваат во симулирана седница на Советот. Одговорен наставник Милка Петровски;
- 26.02.2026 – наши ученици учествуваа на меѓународниот натпревар во пишување WriteOn! International, организиран од Мировен корпус, кој се одржа во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес;
- 05.03.2026 – одржана креативна работилница на тема „Кариерна иновација“ на која учествуваа деветтоодделенците од ООУ „Панко Брашнаров“. Оваа работилница ја реализираа учениците од 2-а клас заедно со одговорните наставници Соња Савевска и Ангелина Мачавелова. Деветтоодделенците заедно со нивните домаќини, реализираа различни креативни активности и низ вежби, игра и забава направија спој помеѓу креирањето на иновации и креирањето на сопствениот кариерен развој;
- 06.03.2026 – под мотото: Посилни од тишината, посветли од силуетата!, нашите ученици заедно со учениците од другите средни училишта маршираа со цел поттикнување на секој од нас за продолжување на борбата за еманципација на жената во секој ден од годината, а потоа

во Младинскиот парк нашите ученици се претставија со краток драмски перформанс. Учениците се подготвуваа под менторство на наставниците Рената С.Николова и Милка Петровски и училишниот педагог Билјана Коџабашиева;

- 09–11.03.2026 – во нашето училиште беше спроведена Интегрална евалуација од страна на тим на државни просветни инспектори кои извршија увид односно инспекциски надзор со цел утврдување на состојбите во однос на квалитетот на воспитно-образовниот процес;
- 13.03.2026 – одбележување на Денот на бројот ПИ, во знакот на логиката, музиката и креативноста. Преку возбудлив математичко-логички квиз, реализиран во рамките на наставата по предметите Математика и Математика за економисти, докажавме дека бројките можат да бидат вистинска инспирација. Ментори предметни наставници Радмила Андовска и Горан Цветановски.
- 16.03.2026 – во просториите на Општина Велес се одржа настан по повод одбележувањето на Денот на потрошувачите 15 март. Настанот - отворен ден „Вашите права, нашата грижа“ беше посветен на подигнување на свеста за правата и заштитата на потрошувачите. Настанот беше организиран на иницијатива на Советот на потрошувачи чија цел е активно да придонесува кон унапредување на заштитата на потрошувачките права и информираноста на граѓаните. Одговорен наставник: Радмила Андовска;
- 19.03.2026 – психологот Катерина Ефремова присуствуваше на работилница на тема „Превенција од сексуално насилство врз деца" организирана од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител на Република Северна Македонија и Биро за развој на образование;
- 23.03.2026 – презентација пред матурантите од страна на преставници на Меѓународниот славјански универзитет;
- 23– 27.03.2026 – се спроведе систематски преглед на учениците од прва и четврта година;
- 24.03.2026 – презентација пред матурантите од претставници од Бизнис Академија Смилевски;
- 25.03.2026 – учество на нашите ученици во улога на советници, преку симулација на седница на Советот на Општина Велес. Ментор Милка Петровски;
- 26.03.2026 – во организација на Ученичкиот совет и под менторство на одговорните наставници Милка Петровски, педагогот Билјана Коџабашиева и кариерниот советник Македонка Миланова, се реализираше втора ученичка забава за учебната 2025/26, во хотел „Гарденија" - Велес;
- 27.03.2026 – учениците од прва година заеднмо со наставникот Јасна Манчева ја посетија изложбата на ликовниот академик Димитар Кондовски;
- 01.04.2026 – психологот Катерина Ефремова заедно со ученички од втора година присуствуваа на едукативна работилница по повод Светскиот ден на аутизмот. Како дел од работилницата, беа организирани интерактивни активности и се дискутираше за најчестите митови и предрасуди поврзани со лицата со аутизам, со цел нивно надминување и градење на поинклузивно општество. Како заклучок од работилницата беше дека различноста е убава и вредна. Во знак на поддршка, учесниците изработија сини панделки како симбол на аутизмот;
- 03.04.2026 – во просториите на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес успешно беше реализиран социјален дијалог со претставници на бизнис-заедницата и државните институции. На средбата беа разгледани можностите за унапредување на соработката, поддршка на образовниот процес и создавање подобри услови за стручно образование и практична обука на учениците. Нивниот придонес е од особено значење за развојот на училиштето и за подготовката на учениците за успешно вклучување на пазарот на трудот.

- 06.04.2026 – реализирана презентација за учениците од завршните години од претставници на Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Учениците беа запознаени со студиските програми, условите за запишување и можностите за продолжување на високото образование;
- 07.04.2026 – по повод Светскиот ден на здравјето – 7 Април, во организација на Комисијата за унапредување на правата на пациентите при Општина Велес беше одржана јавна трибина на тема „Превентивни прегледи и рана детекција на болести“ под мотото „Рано откривање спасува животи“. Целта на трибината беше подигнување на свеста за значењето на здравиот начин на живот, редовните превентивни прегледи и навременото откривање на болестите како клучни фактори за зачувување и унапредување на здравјето. На трибината активно учество земаа ученици од I-а и I-б клас при ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, кои имаа можност да се информираат за важноста на грижата за сопственото здравје и за улогата на превенцијата во спречувањето на различни заболувања. Одговорни наставници: Марија Левкова Куновска и училишниот педагог Билјана Коцабашиева;
- 08.04.2026 – ученичката компанија ZeroWaste Lab од ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес, учествуваше на Регионалниот натпревар на ученички компании, организиран од Junior Achievement Macedonia, кој се одржа во хотел „Гарденија“ – Велес. Ментор: Нада Јованова;
- 09.04.2026 – учество на Велигденски базар во Младински парк на ученици од нашето училиште со свои лични изработки. Одговорен наставник Рената Софијанова Николова;
- 09.04.2026 – наши ученици беа дел од активноста „Имам став“, која претставува симулација на законодавна постапка. Со голема посветеност, одговорност и ентузијазам, тие се вклучија во улогата на пратеници и покажаа дека младите имаат што да кажат и знаат како да го изразат својот став. Нивната аргументација, критичко размислување и тимска работа беа на завидно ниво, што уште еднаш потврдува дека вложувањето во младите носи вистински резултати. Ментор професор Милка Петровски.
- 15.04.2026 – наши ученици активно учествуваа на две обуки организирани од Impakt Net Foundation. Со голема мотивација и ангажираност, тие стекнаа нови знаења и вештини, покажувајќи интерес за личен и професионален развој. Горди сме на нивната посветеност и успех! Оваа активност е со финансиска поддршка од Европската унија во рамките на проектот SMS Facility - Поддршка за мали медиуми и организации во Западен Балкан, имплементиран од Фондацијата Импакт Нет. Ментори: Радмила Андовска и Милка Петровски;
- 16.04.2026 – се реализираше работилница во рамки на проектот „Безбедна училишна средина“ со наслов „Стоп за врсничко насилство“ со учениците од 1-б паралелка. Работилницата ја реализираа врснички едукатори од нашето училиште под менторство на училишниот педагог Билјана Коцабашиева, со цел подигнување на свеста за препознавање, превенција и спречување на врсничкото насилство;
- 20.04.2026 – презентација пред учениците од завршните години од вработени во АРМ. Учениците беа запознаени со можностите за професионална кариера, условите за вработување и начинот на аплицирање во Армијата.
- 20.04.2026 – под мотото „Градиме мост помеѓу образованието и иднината на младите" Кариерниот центар при ОСУ ,,Јовче Тесличков,, Велес, во соработка со Europe House, организираше панел дискусија за професионална ориентација на учениците. Панелисти:
- **Дејан Атанасовски** – Директор на Комерцијална банка АД Скопје - Филијала Велес,
- **Елена Талеска Цалева** –Асистент на генерален менаџер на Маркарт,
- **Александра Иванова** – управител на сметководствено биро Андреева Консалтинг,

- **Марјан Плъаков** – адвокат. Голема благодарност до сите панелисти за пренесеното искуство и инспиративни мисли – со нивното учество се збогати оваа дискусија и ги мотивираше младите да продолжат храбро да чекорат кон својата иднина и да веруваат во сопствениот потенцијал.
- 20.04.2026 – предметниот наставник Соња Савевска како дел од Тимот за кариерно советување, присуствуваше на Националната конференција за почеток на проектот „Биди подготвен за работа преку кариерно насочување“. Станува збор за регионален проект кој Центарот за развој на стручното образование, во соработка со австриската агенција за образование и интернационализација го имплементира во средното стручно образование;
- 21.04.2026 – реализирана работилница во рамки на проектот „Безбедна училишна средина“ со родители на тема „Врсничко насилство – Кога тишината зборува“.Реализирана од страна на училишниот педагог Билјана Коцабашиева во соработка со предметните наставници Милка Петровски и Радмила Андовска кои се дел од проектниот тим;
- 21.04.2026 – работилница на учениците-дигитални маркетери со идните млади претприемачи од ООУ „Кирил и Методиј“ - Велес. Тие работеа заедно со деветтоодделенците на 4Р маркетинг миксот, со фокус на промоција, помагајќи им да ги дигитализираат своите промотивни постери. Одговорен наставник Маја Талеска Панова;
- 22.04.2026 - Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ беше реализирана работилница со родители на тема „Кога тишината зборува“. Преку интерактивни активности и дискусија, родителите имаа можност да ги препознаат скриените форми на врсничко насилство, да разменат искуства и да се информираат за важноста од навремено реагирање, отворена комуникација и соработка со училиштето. Работилницата придонесе за подигнување на свеста за улогата на родителите во создавање безбедна и поддржувачка средина за учениците. Активноста ја реализираше училишниот педагог Билјана Коцабашиева во соработка со наставниците Милка Петровски и Радмила Андовска.
- 22.04.2026 – учество на наши ученици на Општинскиот натпревар по Прва помош, под менторство на наставникот Милка Петровски;
- 23.04.2026 – остварена работна средба помеѓу координаторот за практично образование Бранка Андовска и преставници од Државниот архив – Велес за проширување на меѓусебната соработка, што претставува значајна можност за стекнување нови знаења и искуства за нашите ученици;
- 23.04.2026 – презентација пред учениците од завршните паралелки на преставници од Економскиот факултет – Скопје;
- 23–24.04 2026 – четири освоени медали на натпреварите МАССУМ 2026 Богданци, за ОСУ „Јовче Тесличков" Велес:
    - Прво место за Најдобар штанд под менторство на психологот Катерина Ефремова и наставник Нада Јованова;
    - Прво место за Најдобро кариерно портфолио за Марија Бошевска, под менторство на наставниците Нада Јованова и Македонка Миланова;
    - Второ место во категорија Јавен говор за Мерве Исмаилова и ментори наставници Жаклина И. Зафирчева и Маја Талеска Панова;
    - Трето место во категорија Јавен говор на албански јазик за Сауде Јусуфи под менторство на наставникот Милка Петровски;
- 24.04.2026 – ученичката Јована Димковска зеде активно учество на државниот натпревар МАССУМ во категоријата „Интервју за работа“. Под менторство на наставниците Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- 25.04.2026 – тимот на нашите ученици од 2-б паралелка – Марија Петкова, Викториа Јовановска, Александра Станојковиќ и Јована Димковска – под менторство на наставниците Радмила Андовска и Маја Талеска Панова, со проектот CLAIYA учествуваше на натпреварот

„Best Business Concept for Green Innovations 2026“, организиран од The National Centre for Development of Innovation and Entrepreneurial Learning (NCDIEL) на Машинскиот факултет. Со многу енергија и креативност тие ја претставија својата визија за одржливи производи што ладат природно - без струја, со 100% циркуларен концепт. Настанот беше можност да се покаже дека младите умеат да спојат традиција и иновација и да создадат решенија што носат свежина и инспирација во секојдневието.

- 27.04.2026 – учениците од образовниот профил Продавач – референт за продажба реализираа стручна посета на маркет, при што се запознаа со организацијата на продажниот процес, начинот на изложување на производите и комуникацијата со купувачите. Посетата придонесе за стекнување практични знаења и подобро разбирање на работните задачи во областа на продажбата. Одговорни наставници: Орхидеја Хаџипетрушева Јованова и Ирена Станчева;
- 27.04.2026 – работилница од МВР – Отсек за превенција.
- 28.04.2026 – ученици од нашето училиште го одбележаа глобалниот Pay It Forward Day 2026 - ден посветен на споделување добрина. Со рачно изработени картички ги израдуваа најмалите, а на возрасните им подарија пораки за да им го разубават денот и да ги поттикнат да прават добри дела. Одговорен наставник Радмила Андовска и Каролина Манаскова;
- 30.04.2026 – наши ученици и дел од наставниците беа дел од Саемот на средни училишта во ООУ „Блаже Конески", наменет за деветтоодделенците. На истиот беше презентирано училиштето и секторот економијата, правото и трговијата како пат кон сигурна и успешна иднина;
- 30.04.2026 – дел од нашите ученици беа дел од иницијативата „Еко – креатори“, чија цел е поттикнување на солидарноста и одговорноста преку собирање и донирање на употреблива облека. Настанот се одржа во Младински центар – Велес во организација на Центар за млади Велес;
- 30.04.2026 – наши ученици учествуваа на настанот „Зелен активизам – морална одговорност или тренд ?,во организација на иницијативата „Зелени Борци “ во соработка со професор Бошко Карацов.
- 06.05.2026 – се одржа Отворен ден, каде пред деветтоодделенците беа претставени можноститете што ги нуди училиштето. На штандовите и во кабинетите, деветтоодделениците имаа можност лично да видат кои образовни профили тука се изучуваат. Со свои штандови се претставија деловните партнери со кои имаме склучено меморандуми за соработка, и каде нашите ученици успешно ја реализираат практичната настава. Деветтодделенците учествуваа и во забавни игри, од областа на економијата, каде што се запознаа со позначајнит економски поими;
- 08.05,2026 – по повод акцијата „Генералка викенд“, учениците од прва и трета година реализираа еко час посветен на заштитата на животната средина. Преку едукативни активности, како и чистење и уредување на училишната околина, тие ја развиваа еколошката свест, чувството на одговорност и тимската работа. Активноста беше успешно реализирана и придонесе за поттикнување на позитивен однос кон природата и зачувувањето на чиста и здрава животна средина. Одговорни наставници Наташа Михова и Охидеја Хаџипетрушева Јованова;
- 08-09.05.2026 – реализирана дводневна екскурзија со посета на Охрид, Струга, Крушево и Битола, за учениците од втора година;
- 12.05.2026 – учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес со гордост беа дел од одбележувањето на #EuropeDay на езерото Младост, организирано од Europe House Veles и Delegation of the European Union to North Macedonia. Преку акција за садење дрвја, тие покажаа дека младите се важен двигател на позитивните промени и грижата за животната средина. Одговорни наставници Маја Талеска Панова и Радмила Андовска;

- 12.05. 2026 – реализирана еднодневната стручно-истражувачка екскурзија со остварени планирани посети на релација Велес –Струмица – Смоларски водопади – Велес. Преку дружење, истражување и запознавање со природните убавини на нашата земја, учениците стекнаа нови знаења, искуства и незаборавни спомени со позитивна енергија и тимски дух;
- 14.05.2026 – училишниот педагог Билјана Коџабашиева беше дел од панел дискусијата „Ученички активизам за безбедни училишта“,која се одржа во хотел Солун,Скопје. Настанот придонесе кон промовирање на добрите практики идентификувани и поддржани во рамките на проектот, како и кон отворање дискусија за предизвиците поврзани со препознавање, превенција и справување со сите видови насилство во училиштата. Панел-дискусијата се организираше во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, кој го спроведува Коалицијата на младински организации СЕГА, во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, а е финансиски поддржан од Детската фондација ,,Песталоци“;
- 20.06.2026 – предметниот наставник Маја Талеска Панова и педагогот Билјана Коџабашиева земаа учество на официјалното отварање на Меѓународниот средношколски форум на економски училишта – Економиум на тема „Инвестираме во човечки капитал: Инвестираме во човечки капитал: Вештините како најсилна валута на нашите ученици “. Форумот го организираше СОЕПТУ „Кузман Јосифовски- Питу “ и Општина Прилеп.
- 22.05.2026 – учениците од втора година од образовните профили Асистент за деловен администратор и Продавач – референт за продажни услуги реализираа стручна посета на маркет во рамки на практичната настава. При посетата се запознаа со организацијата на работниот процес, распоредот на производите, приемот и складирањето на стоката, како и со комуникацијата со потрошувачите. Одговорни наставници Наташа Михова и Охидеја Хаџипетрушева Јованова;
- 28.05.2026 – наши ученици под менторство на предметниот наставник Златко Гуцев, земаа учество на настанот „Плазма Спортски Игри за млади“, една од најголемите аматерски спортски платформи во Европа, со традиција подолга од 30 години. Главната цел на овој проект е бесплатен спорт за секое дете, поттикнување на здрави животни навики,ферплеј,инклузија,дружење и развој на вистински спортски вредности кај младите. Настанот се реализираше со поддршка на Владата на Република Македонија и Општина Велес, во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Сојузот на училишен спорт Велес 2002;
- 03-05.06.2026 – реализиран систематски здравствен преглед за сите вработени во училиштето. Прегледот беше спроведен согласно законските обврски и во насока на унапредување на здравствената заштита, зачувување на работната способност и навремено откривање на евентуални здравствени состојби кај вработените. Сите вработени беа опфатени со предвидените прегледи, со што училиштето ја исполни обврската за обезбедување превентивна здравствена заштита на вработените;
- 25-26.06.2026 – директорот на училиштето зема учество на дводневен еТвининг семинар „еТвининг и SELFIE како алатки за дигитален развој и европска соработка во училиштата“ во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, наменет за директори на основни и средни училишта, претставници на Бирото за развој на образованието и носители на образовни политики.Во текот на семинарот учесниците имаа можност да се запознаат со можностите што ги нуди еТвининг за меѓународна соработка, професионален развој и унапредување на наставниот процес, како и со SELFIE – европската алатка што им помага на училиштата да ја проценат и планираат својата дигитална трансформација;
- 1-4.07.2026 – директорот учествуваше на напреден тренинг за градење на мирвно образование, организирам од Прва детска амбаса во светот „Меѓаши“;

- Во рамки на проектот „Воспоставување национален систем за превенција од употреба на дроги во училиштата“, во организација на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во периодот од 11 до 14 август 2026 година во Хотел „Глориус“ – Велес се реализираше обука за превенција од употреба на дроги во средните училишта. На обуката учествуваа Билјана Коџабашиева – педагог и Милка Петровски – професор. Целта на обуката беше унапредување на знаењата и вештините за реализација на превентивни активности со учениците, со посебен акцент на развивање на социјалните и личните вештини, препознавање ризични ситуации и поттикнување здрави животни избори. Во текот на обуката беа обработени теми поврзани со превенција од употреба на дроги, вршнички притисок, ментално здравје, безбедно однесување и комуникација со младите. Преку интерактивни и практични активности учесниците стекнаа дополнителни знаења и искуства за креирање ефективни превентивни пораки прилагодени на младите. Стекнатите знаења и вештини ќе бидат применети во понатамошната работа со учениците и во реализацијата на превентивните активности во училиштето.

2.10.1 Учество во проекти во тековната година

Проект: Промоција на безбедна училишна средина

Во текот на учебната 2025/2026 година, во ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес континуирано се реализираше проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, согласно планираните активности и предвидената агенда. Проектот се спроведува под покровителство на Министерството за образование и наука и има за цел зајакнување на правата на децата преку создавање сигурна, партиципативна и поддржувачка училишна клима која овозможува квалитетно и целосно образование за секој ученик.

Иницијативата ја реализира Коалицијата на младински организации СЕГА, во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и СМАРТ АП – Лабораторија за социјални иновации. Преку проектните активности се промовираат вредности како што се безбедноста, почитувањето, толеранцијата и меѓусебната поддршка меѓу учениците. Во рамките на проектот беа реализирани повеќе активности насочени кон јакнење на ученичкото учество и врсничката едукација. Учениците активно работеа на осмислување и спроведување ученички иницијативи, како и на организирање вршнички едукативни работилници на теми поврзани со безбедноста, ненасилната комуникација и позитивната училишна клима. Дополнително, беа организирани работилници со родители посветени на врсничкото насилство, неговите форми и начини на навремено препознавање на предупредувачките знаци, со цел зајакнување на соработката помеѓу семејството и училиштето во обезбедувањето безбедна средина за учениците. За реализација и координација на проектните активности беа одговорни предметниот наставник Милка Петровска и училишниот педагог Билјана Коџабашиева.

Програма: Ментално здравје и благосостојба на учениците

Во текот на учебната 2025/2026 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес беше избрано да учествува во процесот на трансформација на училиштата со фокус на менталното здравје и благосостојбата на учениците, реализиран од страна на здружението „Младите можат“. Во рамките на програмата беа реализирани повеќе активности насочени кон јакнење на капацитетите на училишната заедница за унапредување на менталното здравје. Активностите опфатија обуки за наставниот кадар, обуки за претставници на Ученичкиот совет, како и организација и

реализација на воннаставни активности посветени на промоција на менталното здравје, психосоцијалната поддршка и благосостојбата на учениците.

Преку активно учество на наставниците, стручната служба и учениците, беа поттикнати позитивни промени во училишната клима, развивање на вештини за грижа за сопственото ментално здравје, унапредување на меѓусебната поддршка и создавање инклузивна и безбедна средина за учење и развој. Програмата за ментално здравје е одобрена за имплементација од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука од 2023 година. Со успешната реализација на предвидените активности, училиштето ги исполни условите за стекнување на ознаката „Училиште кое се грижи за менталното здравје на учениците“, што претставува признание за посветеноста на училиштето кон благосостојбата и целокупниот развој на учениците.

Програма: Мировно образование

Во континуитет со претходните години, училиштето активно учествува во **Програмата за мировно образование**, спроведувана од страна на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, во соработка со Министерството за образование и наука. Програмата е насочена кон едукација на учениците за основни вредности како што се мир, ненасилство, почитување на човековите права, толеранција и активно граѓанство.

Во рамките на програмата, наставници и ученици учествуваат во организирање на работилници, интерактивни дискусии и креативни активности кои поттикнуваат миротворен дух и ја унапредуваат културата на дијалог и меѓусебна почит како темелни принципи на демократското општество.

Покрај наведените проекти, училиштето континуирано ги следи јавните повици и можности за вклучување во образовни програми и иницијативи од страна на Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), Центарот за стручно образование и обука (ЦССО), како и програмите и грантовите понудени од **Националната агенција за европски образовни програми и мобилност**. Со тоа се овозможува континуиран институционален развој, размена на добри практики и професионално усовршување на наставниот кадар.

Проект: Инклузивна настава: Обликување на посветла иднина преку образование

Во рамките на одобрениот Еразмус+ проект од Клучна акција 1 - Училишно образование: „Инклузивна настава: Обликување на посветла иднина преку образование“ („Inclusive Teaching: Shaping a Brighter Future Through Education“), во периодот од 18 до 22 мај 2026 година, три наставници и директорот од нашето училиште ОСОУ „Јовче Тесличков“ - Велес успешно реализираа петдневна Еразмус+ мобилност во Палермо, Италија. Организација-домаќин на мобилноста беше реномираниот центар ЦЕСИЕ ЕТС (CESIE ETS), а програмата се одвиваше паралелно во две насоки, со цел унапредување на инклузивноста во наставата:

- Обука 1: „Емоционална интелигенција: препознавање, користење и управување со емоциите“ - на која учествуваа наставниците Радмила Андовска и Милка Петровски
- Обука 2: „Специјални образовни потреби - Masterclass за идентификување на бариерите во учењето“ - на која учествуваа наставникот Марија Панчевска и директорот Васко Трајковски.

Покрај предавањата, тимот оствари кратки студиски посети на локалните училишта *Euroform*, *Pietro Piazza* и *Scuola Mirto* за набљудување на италијанските системи за социјално-емоционална поддршка и инклузивна инфраструктура. Одговорни наставници Радмила Андовска и Марија Панчевска.

Еразмус+ проект: Повеќе зеленило и дигитално – за успешен бизнис на иднината

Во текот на учебната 2025/2026 година, Националната агенција за образовни програми и мобилност му одобри грант на ОСУ „Јовче Тесличков“ за реализација на Еразмус+ проектот **„Повеќе зеленило и дигитално – за успешен бизнис на иднината“**. Проектот ќе се реализира во период од 18 месеци, а неговата основна цел е развој на зелените и дигиталните компетенции на учениците преку практични обуки и тренинг активности во маркетинг агенција во Република Хрватска. Во рамките на проектот е предвидена физичка мобилност на 10 ученици, која ќе трае 14 дена, при што учениците ќе имаат можност да стекнат нови знаења, практични вештини и искуства во меѓународна работна средина.

На 18 мај 2026 година започна процесот на селекција на ученици за учество во проектот. По спроведената постапка беа избрани 10 ученици кои ќе ја реализираат мобилноста во текот на учебната 2026/2027 година.

Координатор на проектот е Маја Талеска Панова, која раководи со подготовката, организацијата и реализацијата на проектните активности.

II. Мисија на училиштето

„Нашето училиште има мисија да обезбеди квалитетно, современо и инклузивно образование во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг, подготвувајќи ученици со знаења, вештини и вредности што ќе им овозможат успешно вклучување на пазарот на трудот, продолжување на образованието и активно учество во општествениот живот.”

Во учебната 2025/2026 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ ја продолжи својата мисија за обезбедување квалитетно, современо и инклузивно образование во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг, преку примена на современи методи на настава, критичко размислување, дигитални вештини и интеграција на информатичката технологија. Учениците се поддржани да развиваат знаења, вештини и ставови применливи во реалниот живот, во насока на создавање култура на доживотно учење и успешно вклучување на пазарот на труд, но и во општествениот живот.

Училиштето создава позитивна, безбедна и поддржувачка средина, базирана на доверба, почит и активно учество на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница.Истовремено, наставниот процес е насочен кон индивидуален развој на секој ученик и стекнување општи и стручни компетенции, подготвувајќи ги младите за понатамошно образование и вклучување во современото мултикултурно и демократско општество

Училиштето ја реализира својата мисија преку:

- спроведување иновативна и инклузивна настава;
- поддршка на модуларна настава насочена кон интересите и кариерата на ученикот;
- развој на дигитални и претприемнички компетенции;
- активна соработка со локалната бизнис-заедница преку договори за дуално образование;
- практична обука во реална работна средина преку концептот „учење преку работа“;
- адаптација кон локалните и глобалните општествени и економски промени.

И оваа учебна година наставниот процес се темелеше на примена на интерактивни и иновативни методи, кои поттикнуваа активно учење, критичко размислување и практична примена на знаењата во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг. ОСУ „Јовче Тесличков“ во учебната 2025/2026 ја реализираше својата мисија преку обезбедување современо, квалитетно и инклузивно образование, кое им овозможува на учениците да се развиваат во согласност со потребите на современото општество и пазарот на трудот.

Во изминатата 2025/2026 година, во рамките на слободните училишни активности, една функционална маркетинг агенција и две ученички компании претставуваа модел за трансфер на знаења во практична примена, преку што учениците развиваат реални деловни вештини и компетенции. Посебно внимание се посветуваше на инклузивноста, преку поддршка на учениците со различни потреби и создавање училишна клима што ја негува толеранцијата, почитувањето и соработката. Со користење на дигитални алатки и современи наставни ресурси, учениците се охрабруваа да развиваат дигитални компетенции, кои се клучни за нивната иднина. Во насока на подготовка за пазарот на трудот, училиштето обезбедуваше практична настава, учење преку работа, ученички компании, проекти и партнерства со бизнис-секторот, со што учениците добиваа можност да се запознаат со реалните услови на работа и можност да ги усовршат своите професионални и меки вештини. Паралелно, се нудеше поддршка за оние кои сакаат да продолжат со своето образование преку дополнителни активности, истражувачки работилници и учество во меѓународни програми (Еразмус+) – размена на искуства и проширување на хоризонти.

Основни насоки за реализација на мисијата:

- Градење професионални вредности како составен дел од стручното образование;
- Подготовка на учениците за пазарот на труд, како и за општествен и културен ангажман;
- Примена на современи образовни технологии;
- Решавање конфликти на конструктивен начин;
- Поттикнување критичко размислување и креативност;

Мото на училиштето

„ Училиште каде што учиме, создаваме и растеме заедно – подготвени за иднината!“

III. Визија на училиштето

„Нашето училиште се стреми да биде современа, отворена и иновативна образовна установа, препознатлива по квалитетно образование, развој на дигитални, економски и правни компетенции кај учениците, и нивна подготвеност за понатамошно образование и активен живот на пазарот на трудот.“

Во учебната 2025/2026 година, визијата на ОСУ „Јовче Тесличков“ остана насочена кон активности за создавање современа, отворена и иновативна образовна средина. Наставниот процес се темелеше на примена на современи методи и дигитални алатки, кои овозможуваат подигање на квалитетот на образованието и поттикнување на критичко и креативно размислување кај учениците. Преку интеграција на дигитални содржини и практични примери од економијата, правото и трговијата, учениците развиваа компетенции усогласени со потребите на современиот пазар на трудот.

Посебно внимание се посветуваше на развојот на дигиталните компетенции, преку користење на е-училници, софтверски апликации и практична работа во рамки на ученички компании и маркетинг агенции. Современо опремените училници и кабинетите овозможуваа интеграција на теоретски и практични знаења, што придонесе кон целосен развој на ученикот: интелектуален, етички, физички и социјален. Воедно, се поттикнуваа економските и правните компетенции на учениците преку проектна настава, симулации, дебати и соработка со институции и бизнис-секторот. Со ова им се овозможи на учениците да ја зголемат својата подготвеност за понатамошно образование и за успешно вклучување во професионалниот и општествениот живот.

Во насока на остварување на визијата, наставниот и стручниот кадар работеше активно на градење позитивна и поддржувачка училишна клима, со активно вклучување на учениците, родителите и локалната заедница во сите значајни активности. Учениците имаа услови за остварување на успешен наставен процес, кој ја промовира моралната, менталната и физичката зрелост, подготвувајќи ги за одговорно учество во општеството и успешна кариера. И во текот на оваа учебна 2025/2026 година, за потребите на стопанството и јавната администрација, училиштето подготвуваше стручно оспособени кадри од областа на економијата, правото и трговијата. Образуваме и воспитуваме личности кои ќе го разберат процесот на учење за цел живот, овозможувајќи им континуирано образование на универзитетско ниво во земјата и во странство.

Училиштето активно работеше и на зајакнување на тимската работа на наставниците е суштинска за реализација на визијата.

Со континуирано следење и прилагодување на образовните програми кон локалните и глобалните промени, училиштето ќе продолжи да формира висококвалификувани кадри со јасна траекторија за успешна иднина. Квалитетот на наставата, како и досега, ќе продолжи да се унапредува преку активно партнерство и соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, како и Центарот за стручно образование и обука.

Вредности кон кои се стремевме во учебната 2025/2026:

- **Одржување на квалитетна настава:** развој на дигитални, економски и правни компетенции кај учениците неопходни за конкурентност на пазарот на труд и за натамошна академска надградба;
- **Почит и разбирање:** Поттикнување на почит и меѓусебно разбирање на ниво ученик- ученик, ученик- наставник, наставник- родител, со цел обезбедување на здрава и безбедна средина за учење и работа;
- **Интегритет:** Почитување на етички стандарди, фер однос и обезбедување еднакви можности за напредување на сите вработени и ученици во училиштето.

IV. Подрачја на промени и приоритети

Приоритетни подрачја и потреби за тековната 2025/2026 учебна година

Развојниот тим при ОСУ „Јовче Тесличков” поаѓајќи од потребите и интересите на учениците и наставниците, а во согласност со реалните можности на училиштето и направената анализа од самоевалуацијата ги утврди како приоритети за промена следниве подрачја:

Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес

Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима

Трет приоритет: Модернизација на просторните и техичките услови за работа

1. Јакнење на квалитетот на наставниот процес
Цел 1.1. Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори;
Цел 1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците;
Цел 1.3. Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи

2. Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима
Цел 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето;
Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес.

3. Модернизација на просторните и техничките услови за работа
Цел 3.1. Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставниците за пријатно училишно опкружување
Цел 3.2. Зголемување на дигиталната инфраструктура

V. Развојни цели

ПРИОРИТЕТ 1. Јакнење на квалитетот на наставниот процес	
Цел 1.1. Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори;	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Бавната реакција од страна на Центарот за средно стручно образование за осовременување на профилите кои се дел од струката економија, право и трговија и недоволна адаптираност на постоечките профили кон реалните потреби на пазарот на труд; 2. Како последица на горенаведеното, моментална слаба заинтересираност на учениците за моменталните профили во	1. Формирање на атрактивни профили од страна на ЦССО и добивање на дозвола за воведување на нови атрактивни профили во согласност со барањата и потребите на бизнис заедницата; 2. Формирање на законска регулатива за заштита на сите профили од струката економија, право и трговија.

струка економија, право и трговија; 3. Тековната политика која се води на ниво на држава која е насочена само кон поддршка на техничките струки во техничките стручни училишта; 4. Непостоење на законска регулатива која го штити профилот продавач и која би дала предност при вработување;	3. Добивање на поголема поддршка од центарот за средно стручно образование, од локалната самоуправа и од МОН за промовирање на струката на национално ниво;
Фактори на поддршка	**Стратегии за засилување на факторите**
1. Дигиталниот маркетинг и е-трговијата се помеѓу најбараните професии во моментов на светско ниво; 2. Истакнување на фактот дека економијата и правото се столбови на општеството; 3. Учењето на бизнисот и претприемништвото, што е наша примарна цел, е носечки постулат во сите европски развиени земји и истиот е клучен за раст и развој на економијата;	1. Планирање на активна маркетинг кампања за промоција на важноста на учењето претприемништво, економија и право, како и настојување за добивање на поддршка од сите релевантни горенаведени институции со цел да се подобри рејтингот на струката економија, право и трговија; 2. Вклучување на поголем број ученици во кампања за промоција на струката
Цел 1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците;	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Недоволна мотивираност и интерес на дел од наставниците за примена на знаењата стекнати на организирани обуки за напредни дигитални алатки и методи 2. Резистенција кон промени и користење нови методи од страна на дел од наставниците 3. Недоволна едуцираност за користење на технологија од страна на некои ученици 4. Недоволна мотивација и самодоверба кај учениците 5. Недоволна вклученост на родителите во поттикнувањето на учениците	1. Мотивирање на наставниците за прифаќање на промени преку нивно ангажирање во работилници и обуки; 2. Интегрирање на проектни активности во редовната настава и меѓупредметни проекти; 3. Вклучување на реални деловни ситуации, игри со улоги и натпревари 4. Активно барање нови партнери (компании, институции, НВО) 5. Организирање работилници и презентации со примери од пракса 6. Воспоставување јасен и долгорочен план за континуирана

6. Недоволна комуникација помеѓу дел од учениците и наставниците	едукација 7. Организација на интерни и екстерни обуки, онлајн курсеви;
Фактори на поддршка	**Стратегии за засилување на факторите**
1. Употреба на сопствени финансиски средства на училиштето и изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање- бизнис заедницата, локалната самоуправа и аплицирање на проекти на државно ниво; 2. Постои обучен тим за аплицирање на проекти за обука на наставници. 3. Организирање мотивациски работилници 4. Воспоставување јасен и долгорочен план за континуирана едукација	1. Опфаќање и мотивирање на што поголем број на наставници кои ќе аплицираат во проекти и ќе посетуваат обуки. 2. Континуирано одржување и унапредување на соработката со бизнис заедницата и локалната самоуправа; 3. Зајакнување на соработката на релација наставник- ученик 4. Планирање и реализација на плановите личен и професионален развој на наставниците;

Цел 1.3. Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Неизвесноста околу прифаќањето на одредена апликација за проект; 2. Мал број на обучени наставници за пишување на апликации за проекти. 3. Недоволна мотивација и самодоверба кај учениците за учество во натпревари 4. Недостаток на време за подготовка за натпревари и проекти поради наставниот план и обврските на учениците 5. Недоволна вклученост на родителите во поттикнувањето на учениците	1. Поголема подготвеност и обученост на што поголем број на наставници кои ја пишуваат апликацијата за проект. 2. Подобрување на комуникацијата на релација ученик- наставник со цел да се мотивираат учениците 3. Зголемување на соработка на релација наставник- родител-ученик 4. Редовно информирање за натпревари и проекти преку училишната веб-страница, социјални мрежи, огласни табли и часови на класен раководители 5. Организирање мотивациски работилници, споделување

6. Недоволна комуникација помеѓу ученици и наставници	успешни приказни од поранешни учесници 6. Планирање на буџет за ученички активности, аплицирање на грантови и спонзорства 7. Флексибилно планирање на активностите и координација со наставниците за избегнување на преклопувања 8. Организирање на родителски средби со презентација на придобивките од учество во натпревари и проекти
Фактори на поддршка	**Стратегии за засилување на факторите**
1. Имаме тим на наставници кои веќе имаат солидно искуство со пишување на апликации за проекти. 2. Соработка помеѓу наставниците во рамки на активите со цел да учествуваат во проекти и натпревари	1. Овозможување на обученост кај поголем број наставници од училиштето кои ќе бидат подготвени да изработат апликации за проекти (посета на обуки за пишување на апликации). 2. Заедничко пишување на проекти, тимска работа при подготовка на ученици за натпревари

ПРИОРИТЕТ 2. Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима	
Цел 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Недоволна комуникација помеѓу ученици и наставници во одредени случаи 2. Присутни поединечни случаи на непочитување или дискриминација 3. Недоволна информираност на дел од учениците за нивните права и обврски 4. Слабо вклучување на родители во животот на училиштето; **5.** Слаба мотивација на учениците за вклучување во дополнителни активности;	1. Обуки за наставници и ученици за инклузија, толеранција и ненасилна комуникација 2. Воведување на анонимни анкети и кутии за предлози 3. Организација на родителски форуми и заеднички проекти 4. Индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко- психолошката служба

Фактори на поддршка	Стратегии за засилување на факторите
1. Колегијалност, добронамерна и ненавредлива критика, толерантност и меѓусебно почитување; 2. Информативни сесии и постери во училиштето за ученички права и обврски;	1. Организирање редовни ученички форуми и состаноци со наставници; 2. Примена на систем на пофалби и награди на наставници и ученици; 3. Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците и учениците за сопствен развој;
Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Ограничена соработка со надворешни партнери; 2. Недоволна заинтересираност од одреден број родители за соработка со училиштето; 3. Одредена структура на ученици не соработува доволно со наставниот кадар;	1. Активно барање нови партнери (компании, институции,(НВО) 2. Организирање на родителски средби со презентација на придобивките од вакви активности 3. Координирана соработка со социјалната служба за активирање на поголема соработка со одреден број родители 4. Индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко- психолошката служба
Фактори на поддршка	**Стратегии за засилување на факторите**
1. Почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; 2. Професионален пристап на наставниците кон учениците, кон родителите и кон својата работа; 3. Професионален пристап на класните раководители, менаџментот и педагошко- психолошката служба во односот со учениците и родителите;	1. Негување на високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите; 2. Континуирано почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; 3. Одржување на професионалниот пристап на класните раководители, менаџментот и педагошко- психолошката служба во односот со учениците и родителите;

4. Високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите;	4. Истакнување на значењето на работата и придонесот на наставникот кон воспитно- образовниот процес со цел да се одржи неговата мотивација за личен и професионален развој;

ПРИОРИТЕТ 3. Модернизација на просторните и техничките услови за работа	
Цел 3.1. Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставниците за пријатно училишно опкружување	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Недоволни финансиски средства за адаптација и опремување на дел од просториите во училиштето 2. Недоволна свест кај учениците и наставниците за одржување на просторот 3. Бавни административни процедури за набавки и реконструкции	1. Изработка на проектни апликации за фондови, донации и спонзорства; 2. Рационално користење на постојните ресурси 3. Организирање работилници за одговорно користење и одржување на просториите 4. Подготовка на јасен план со временска рамка и предлог набавки уште пред почеток на учебната година 5. Аплицирање на национални и меѓународни проекти, барање донации од компании, рационално користење на постојната опрема 6. Навремена подготовка на спецификации и планови за набавка
Фактори на поддршка	**Стратегии за засилување на факторите**
1. Постојат просторни услови кои можат да бидат преуредени и адаптирани за креативни и интерактивни работилници со што би се зголемил квалитетот на предавање и мотивацијата кај учениците при престојот во училиштето, што директно влијае врз квалитетот на наставниот процес и имиџот на училиштето; 2. Веќе воспоставената успешна соработка со локалната самоуправа и со МОН; 3. Правилно менаџирање со финансиите;	1. Реорганизација на постојните простории, оптимизација на распоредот и користење на мултифункционални решенија 2. Приоритетно набавување на најпотребната опрема, користење на донирана и рециклирана опрема во добар квалитет 3. Продолжување на успешната соработка со локалната самоуправа и МОН; 4. Континуирано правилно менаџирање со финансиите;

Цел 3.2. Зголемување на дигиталната инфраструктура	
Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите	**Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори**
1. Недоволни финансиски средства за набавка на ИКТ опрема и софтвер 2. Ограничен број на компјутери и дигитални уреди во однос на бројот на ученици 3. Немање финансиски средства за обезбедување на постојана стабилна интернет врска	1. Реорганизација на постојните простории, оптимизација на распоредот и користење на мултифункционални решенија 2. Приоритетно набавување на најпотребната опрема, користење на донирана опрема во добар квалитет 3. Подготовка на јасен план со временска рамка и предлог набавки уште пред почеток на учебната година
Фактори на поддршка	**Стратегии за засилување на факторите**
1. Аплицирање на национални и меѓународни проекти, барање донации од компании 2. Рационално користење на постојната опрема	1. Работа во тим и изработка на акционен план за обезбедување на финансиски средства кои ќе бидат наменети за набавка на ИКТ опрема и софтвер и обезбедување на постојана стабилна интернет врска

VI. Реализација на задачите и активностите на училиштето

Приоритетно подрачје 1: Јакнење на квалитетот на наставниот процес

Развојна цел 1.1 Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори

Превземени беа следниве задачи и активности:

- Анализа на потреба од нови квалификации, предлози за проширување на струката и предлози за нови струки на одржани состаноци на Активите и Наставничкиот совет.

Развојна цел 1.2 Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците

Со цел создавање мотивирачка и инспиративна средина за учење, како и поттикнување интерес кај учениците за наставниот процес, се презедоа низа активности и задачи:

- Организирани беа континуирани обуки за наставниците за кариерно советување, тренинзи за мировно образование, обука за професионален развој на стручните соработници, како и размена на добри практики за наставници
- Воведени беа интерактивни методи, дигитални алатки и практични методи при работа со учениците
- Директорот и психолошко–педагошката служба реализираа наследни часови, со цел следење и поддршка на наставниот процес
- Организирани се отворени часови на кои наставниците разменуваа искуства и извлекоа заеднички заклучоци за подобрување на праксата
- Во наставата се применуваат современи наставни методи и техники, со акцент на активно вклучување на учениците
- Процесот на оценување е објективен и транспарентен, со редовен увид од страна на родителите преку користење на платформата *е-дневник*
- Континуирано се вршеше проверка и следење на педагошката евиденција и наставните дневници, со цел навремено и одговорно извршување на обврските во текот на целата учебна година.

Развојна цел 1.3 Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи

Се препорачува да се побара посилна поддршка од надлежните институции за активно вклучување на училиштето во поголем број национални и меѓународни образовни проекти за наставници и ученици. Целта е да се зголеми мотивацијата и учеството на учениците во воннаставни активности, како и во различни иницијативи што овозможуваат интеркултурна размена, личен развој и продлабочување на наставните компетенции.

Преземени активности за развојна цел 1.3:

- Систематско информирање и мотивирање на учениците за учество
- Формирање и менторирање на тимови за учество
- Остварена е соработка и учество во проекти поддржани од Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), Центарот за стручно образование и обука (ЦССО), како и други релевантни институции
- Продолжена е реализацијата на активности поврзани со мировното образование како дел од годишната програма за работа на училиштето, преку посебна програмска прилог-иницијатива
- Претставници од училиштето (Директорот Васко Трајковски и професорката Маја Талеска Панова) активно учествуваа на основниот/базичен тренинг за мировно образование, а директорот присуствуваше и на напредниот тренинг за мировно образование преку Прва Детска Амбасада „Меѓаши“ каде што се дискутираше и разменуваа искуства на теми како:
  - Ненасилна комуникација и техники на ефективно изразување
  - Тимска работа и ефективна соработка
  - Разбирање и анализа на конфликти
  - Препознавање и превенција од насилство

Овие активности претставуваат значаен чекор кон интегрирање на учениците во проекти што промовираат мир, разбирање и граѓанска одговорност.

Приоритетно подрачје 2: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима

Развојна цел 2.1: Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето

Во рамките на развојна цел 2.1 од второто подрачје, во насока на градење силна и кохезивна заедница во училиштето, каде што сите учесници во воспитно-образовниот процес – ученици, наставници и родители – се активно вклучени и учениците се чувствуваат безбедно и почитувано се презедоа следниве активности:

- Формиран ученички совет со активна улога во носење одлуки
- Организирани денови на креативност, на кариера, младинско претприемништво и волонтерски акции
- Организирани работилници за поддршка на ментално здравје, инклузија и родова еднаквост според програмата за ментално здравје по препорака на МОН
- Спроведена е анкета со учениците за проценка на квалитетот на наставата и идентификација на можности за подобрување на соработката;
- Одржани се редовни состаноци со Ученичкиот совет, Наставничкиот совет и Советот на родители;
- Применет е индивидуален пристап кон секој ученик, особено кон оние со нередовно присуство или слаб успех, преку координирани разговори со родителите, класните раководители, директорот и стручната служба;

- Се почитува и негува професионалниот кодекс на однесување во училиштето;
- Изработен е план за посета на родители за време на слободните часови на наставниците, со цел подобрување на комуникацијата;
- Се применува континуиран систем на пофалби и награди за наставници и ученици, со акцент на промовирање на позитивни модели на однесување;
- Учениците со континуирани потешкотии во учењето активно се вклучени во часовите за дополнителна настава;
- Реализирани се советувања со родители и ученици за подобрување на постигнувањата и социјалната клима;
- Изработен е план на активности за активно вклучување на учениците и родителите во процесите на училишно одлучување;
- Состаноците на Советот на родители и Училишниот одбор се одржуваат редовно, со цел вклученост на родителите во донесување значајни одлуки за работата на училиштето;
- Родителите учествуваа во организираните средби за советување, со фокус на зајакнување на партнерството меѓу семејството и училиштето;
- Изработен и реализиран е акциски план за МИО-активности (меѓуетничка интеграција во образованието) со активно учество на наставници, ученици и родители од сите етнички заедници присутни во училиштето;
- Наставниците посетуваа интерни и екстерни обуки за современи, иновативни и интерактивни наставни методи;
- Изработени се индивидуализирани планови за воннаставни активности со ученици, прилагодени на нивните интереси и потреби.

Развојна цел 2.2: Зајакнување на соработката помеѓу сите чинители во воспитно – образовниот процес

- Организирање на семинари и обуки за комуникација, разрешување конфликти, тимска работа, проектен менаџмент;
- Работилници за поддршка на ментално здравје, инклузија и родова еднаквост;
- Поттикнување на понатамошна соработка на училиштето со бизнис секторот и поголема соработка, вклучување и информирање на локалната самоуправа за работата на училиштето
- Организирани се советувања со родители и ученици со цел поддршка и унапредување на постигнувањата
- Спроведена анкета со учениците за согледување на наставната клима за време на часовите;
- Континуирана примена на систем за пофалби и награди за ученици и наставници;
- Јавно пофалување и истакнување на ученици кои учествуваа и постигнаа успех на натпревари, со цел промовирање на позитивни примери и мотивирање на останатите ученици;
- Одржани состаноци со Ученичкиот совет, Наставничкиот совет и Советот на родители;
- Реализирани индивидуални разговори со родители и ученици (од страна на класните раководители, директорот и стручната служба) заради слаб успех или нередовна посетеност на наставата

Приоритетно подрачје 3: Модернизација на просторните и техничките услови за работа

Обезбедување на нови и обновување на постоечките ресурси што се користат во работата.

Развојна цел 3.1: Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставници за пријатно училишно опкружување

Во рамките на развојна цел 3.1 од третото подрачје, во учебната 2025/2026 се обезбедија дополнителни финансиски средства за следниве зафати:

- Модернизација и доопремување на училниците преку поставување на „ден-ноќ“ завеси во 9 училници и со тоа се овозможи попријатен престој за учениците и подобра видливост при презентација преку ЛЦД проектори;
- Набавени клупи за поставување во училишниот двор со цел уредување на училишниот двор со зони за релаксација и активности на отворено;
- Нарачана заштитна украсна ограда за задниот двор;

Развојна цел 3.2: Доопремување на дигиталната инфраструктура

Во рамките на развојна цел 3.2, превземени се следниве активности:

- Модернизација на постојната опрема и редовно техничко одржување
- Во рамки на активите констатирана е неопходноста од софтвер за поквалитетно и поиновативно реализирање на воспитно-образовниот процес но констатирани се и реалните предизвици за обезбедување на финансиски средства за набавка на соодветна софтверска поддршка;

VII. План за евалуација

1. Општа оценка од следењето и евалуацијата на реализираните активности од раководниот и стручниот кадар

Во учебната 2025/2026 година успешно беа реализирани планираните цели, задачи и активности предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Организацијата и реализацијата на воспитно-образовниот процес се одвиваа континуирано и непречено во текот на целата учебна година, при што беа создадени услови за квалитетно спроведување на наставата и воннаставните активности. Во рамките на програмските подрачја беа реализирани планираните активности поврзани со следењето, координирањето и насочувањето на планирањето и програмирањето на наставата. Наставниот кадар беше континуирано мотивиран за професионален развој и активно учество во сите сегменти од работата на училиштето. Соработката со стручните органи и тела во училиштето се одвиваше успешно и во духот на тимската работа.

Во текот на учебната година беа изготвени и презентирани сите потребни извештаи пред Наставничкиот совет, Класните совети, Стручните активи, Училишниот одбор, Советот на родители и Ученичкиот совет. Реализирани беа планираните активности од аналитичко-истражувачката работа, а тримесечните и полугодишните извештаи содржеа сеопфатни анализи за успехот, поведението и редовноста на учениците, како и за

реализацијата на воспитно-образовната работа. Ваквиот пристап овозможи континуирано следење на квалитетот на работата и навремено преземање мерки за унапредување на образовниот процес.

Посебно внимание беше посветено на соработката со родителите, која се одвиваше на високо ниво преку редовни состаноци, индивидуални средби, работилници и активности во рамките на Советот на родители. Родителите беа активно вклучени во животот и работата на училиштето, информирани за наставните програми и училишните активности и имаа можност да даваат свои предлози, мислења и забелешки. Во текот на учебната година родителите учествуваа во работилници посветени на превенција од врсничко насилство, дел од нив беа анкетирани во рамките на процесот на Интегрална евалуација, а претставници од Советот на родители остварија средби со инспекцискиот тим. Преку Програмата за советување на родители беше воспоставена конструктивна соработка со родителите, кои покажаа заинтересираност и подготвеност за заедничко надминување на предизвиците поврзани со успехот, редовноста и воспитувањето на учениците.

Севкупно, може да се оцени дека поставените цели и задачи за учебната 2025/2026 година се реализирани во голем обем, при што беа обезбедени услови за успешно функционирање на училиштето и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

2. Исполнетост на критериуми за успех

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето во голема мера ги исполни поставените критериуми за успех преку реализација на планираните активности и континуирано унапредување на воспитно-образовниот процес.

Постигнати се следните резултати:

- Во наставниот процес беа воведувани и применувани современи наставни методи, техники и дигитални алатки со цел зголемување на ефикасноста и квалитетот на наставата.
- Континуирано се реализираа дополнителна и додатна настава за учениците на кои им беше потребна поддршка или дополнително напредување.
- Наставниот кадар во поголем обем користеше интернет ресурси и дигитални образовни содржини при подготовката и реализацијата на наставата.
- Беа преземени активности за подобрување на квалитетот на образовниот процес и постигнување повисоки образовни резултати.
- Се работеше на развивање на поголема одговорност кај учениците, наставниците и родителите како значајни чинители во воспитно-образовниот процес.
- Остварена беше редовна и конструктивна комуникација меѓу наставниците, учениците и родителите.
- Родителите беа активно вклучени во животот и работата на училиштето преку состаноци, работилници и учество во донесување одлуки од заеднички интерес.
- Учениците и нивните ментори беа наградувани и пофалувани за постигнатите резултати на натпревари, конкурси и други активности
- Континуирано се обновуваа и подобруваа наставните средства, материјали и техничката опременост на училиштето.
- Во процесот на оценување се обезбедуваше поголема транспарентност, објективност и навремено информирање на учениците и родителите.
- Беше поттикнувана примена на самооценување и саморефлексија кај учениците како дел од современите пристапи во наставата.
- Наставниците користеа разновидни методи и инструменти за оценување согласно наставните цели и исходи.
- Се реализираа обуки, семинари и други форми на професионален развој за јакнење на компетенциите на наставниот кадар.

- Стручните активи работеа согласно утврдени приоритети и годишни планови за работа.
- Стручното образование се усогласуваше со потребите на учениците и барањата на пазарот на труд преку практична настава, соработка со компании и учество во проекти.
- Училиштето активно се промовираше преку медиуми, социјални мрежи, јавни настани и промотивни активности, при што се зголеми неговата препознатливост во локалната средина и регионот.
- Сите учесници во воспитно-образовниот процес беа редовно информирани за тековните активности, настани и постигнувања на училиштето.
- Беа воспоставени и унапредени контакти за соработка и размена на искуства со образовни институции, организации и партнери во земјата и странство.
- Училиштето успешно аплицираше и доби одобрение за учество во повеќе проекти и програми кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на образованието и развојот на учениците.

Врз основа на реализираните активности и постигнатите резултати, може да се констатира дека критериумите за успех предвидени со Годишната програма за работа на училиштето се во најголем дел исполнети.

3. Колку успешно се реализирани поставените цели, задачи и активностите од кои ќе се утврдат приоритети за наредната учебна година

Од извршената анализа на тоа што е реализирано оваа учебна година може да се констатира дека поголем дел од планираните развојни цели, задачи и активности се реализирани. Задачите и активностите кои не се реализираа во оваа учебна година се должат на ограничување на финансиски средства и ќе се настојува да станат приоритет во учебната 2026/2027 година, а тоа е:

- Понатамошна имплементација на обуки и едуцирање на наставен кадар;
- Подобрување на успехот и редовноста на учениците;
- Унапредена соработка со големите стопански субјекти и родителите;
- Зголемена координација со ЦССО и МОН заради воведување на нови квалификации и промена на називот на веќе постоечките
- Уредување на дворот на училиштето.

4. Соработка со локалната заедница, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, родителите и други институции

ОСУ „Јовче Тесличков“ континуирано развива успешна соработка со локалната заедница, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, родителите и други релевантни институции. Во текот на учебната 2025/2026 година, преку реализирани заеднички активности, проекти, стручни посети, партнерства и иницијативи, училиштето придонесе кон унапредување на воспитно-образовниот процес и создавање подобри услови за учење и развој на учениците. Соработката со институциите и партнерите овозможи поврзување на училиштето со реалната средина, поддршка на професионалниот развој на учениците и наставниот кадар, како и јакнење на улогата на училиштето во заедницата. ОСУ „Јовче Тесличков“ ќе продолжи да ги негува и проширува партнерските односи со цел обезбедување квалитетно образование и успешно остварување на својата мисија и визија.

Во прилог на годишниот извештај, опфатени се и следните извештаи:

П-1 Извештај за работа на директорот

П-2 Извештај за работа на психологот

П-3 Извештај за работа на педагогот

П-4 Извештај за работа на Наставничкиот совет

П-5 Извештај за работа на Училишен одбор

П-6 Извештај за работа на Советот на родителите

П-7 Извештај за работа на стручните активи

П-8 Извештај за реализација на екскурзиите

П-9 Извештај за професионален развој

П-10 Извештај за јавна и културна дејност

П-11 Извештај од Програмата за Советување на родители

П-12 Извештај од работата на Ученичкиот совет

П-13 Извештај од работата на кариерниот советник

П-14 Извештај од работата на координаторот за практично образование

П-15 Извештај од реализираните активности во рамките на уписната политика

П-16 Извештај од државна матура и завршен испит

П-1 Извештај за работа на директорот

Во учебната 2025/2026 година работата на директорот беше структуирана во пет подрачја:

- **Административно – организаторска;**
- **Педагошко – инструктивна;**
- **Раководна функција;**
- **Планско – финансиска;**
- **Евалваторска и истражувачка**

Согласно наведените подрачја, работата на директорот се состоеше од:

- организирање на санации и адаптација на училишниот објект,
- извршување на одлуките на Училишниот одбор во согласност со Закон,
- избирање комисии од негова надлежност, соопштенија и наредби,
- иницирање измени на интерни акти и документи на училиштето во согласност со законските измени,
- поднесување извештај за материјалното работење,
- закажување на седници на Наставнички совет и раководење со истиот,
- промоција на училиштето, управување и донесување мерки за воведување на иновации во целокупната работа во училиштето;
- прераспределба на задачите на поедини носители,
- организирање и реализирање на упис и прием на ученици во прва година, формирање на паралелки во прва година и назначување на класни раководители,
- распределба на наставни предмети и задолженија во рамките на: редовните часови, слободните ученички активности, стручен актив, комисии,
- грижа за спроведување на кодексот на однесување на училиштето;
- организирање на воспитно-образовната работа,
- организирање и реализирање на државната матура и завршниот испит,
- работа со наставници – почетници,
- вршење избор на наставен кадар,
- контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на вработените,
- посети на часови на наставници,
- вршење други работи врз основа на Закон, статут и други акти.

Директорот е главен организатор и реализатор на целокупната работа во училиштето опфаќајќи ја воспитно – образовната и административно – организаторската улога.

Директор
м-р Васко Трајковски

П-2 Извештај за работа на психологот

Согласно Годишната програма за работа на психологот и Програмата по месеци и подрачја, во текот на првото полугодие беа реализирани поголемиот дел од планираните активности и задачи. Работата на училиштниот психолог се одвиваше во рамки на седум основни подрачја:

1. **Планирање и програмирање**
   Изготвена е Годишната програма за работа на психологот и се вршеше редовна подготовка и усогласување на месечните активности со потребите на учениците, наставниците и родителите.
2. **Работа со ученици**
   Остварени се повеќе советодавни разговори со ученици кои покажуваа одредени едукативни, емоционални или социјални тешкотии. Следени се успехот, редовноста и поведението на учениците. Организирани се работилници и предавања насочени кон развој на социо-емоционални и комуникациски вештини, како и активности за поддршка на менталното здравје.
3. **Соработка со родители**
   Реализирана е Програмата за советување на родители со индивидуални и групни средби. Се водеше уредна документација и записници од сите средби, со цел подобрување на родителската вклученост и партнерски однос.
4. **Соработка со наставници**
   Психологот активно соработуваше со наставниот кадар преку заедничко следење на учениците, координација при разрешување на проблемски ситуации и учество во стручни активности. Присуствуваше и следеше наставни часови со цел педагошка поддршка.
5. **Аналитичко-истражувачка работа**
   Во текот на полугодието психологот активно работеше на анализа на евиденциите за успех, редовност и поведение на учениците, со цел рано идентификување на ризични појави и потреба за интервенција.
6. **Педагошка евиденција и документација**
   Психологот водеше уредна педагошка евиденција, досиеја за ученици и родители, како и статистички и аналитички извештаи за потребите на училиштето. Учествуваше во изготвување на извештаите по класификациони периоди и вршеше анализа на постигнувањата.
7. **Соработка со локалната заедница**
   Остварена е соработка со институции, здруженија и стручни служби во насока на спроведување тековни проекти и развој на нови иницијативи. Психологот учествуваше и на семинари за професионален развој и активности на училишно ниво, како што се Совет на родители, манифестации и настани со ученици.

Психолог
Катерина Ефремова

П-3 Извештај за работа на педагогот

Согласно Годишната програма за работа на педагогот, во текот на учебната 2025/2026 година успешно беа реализирани планираните активности во сите програмски подрачја. Работата беше насочена кон обезбедување поддршка на учениците, наставниците и родителите, унапредување на воспитно-образовниот процес, јакнење на училишната клима и создавање услови за целосен развој на учениците.

Активностите се реализираа во рамки на следните подрачја:

1. **Работа со ученици**
2. **Соработка со родители**
3. **Соработка со наставници**
4. **Соработка со заедницата**
5. **Професионален развој и професионална соработка**
6. **Аналитичко-истражувачка работа**
7. **Училишна структура, организација и клима**

Во текот на учебната година педагогот континуирано работеше на следење, поддршка и унапредување на воспитно-образовната работа преку советодавни, превентивни, едукативни и развојни активности. Посебен акцент беше ставен на работата со учениците преку индивидуални и групни советувања, разговори, работилници и други форми на поддршка насочени кон нивниот личен, социјален и образовен развој. Континуирано се следеше успехот, редовноста и поведението на учениците, а беа преземани и соодветни мерки за поддршка на учениците кои се соочуваа со тешкотии во учењето, адаптацијата или социјализацијата.

Во делот на соработката со родителите беа реализирани бројни индивидуални и групни средби, советувања и консултации со цел јакнење на партнерскиот однос меѓу семејството и училиштето. Родителите активно беа вклучени во работилници, состаноци и активности поврзани со воспитувањето, безбедноста и благосостојбата на учениците. Соработката со наставниците се реализираше преку стручни консултации, заедничко планирање на активности, следење на воспитно-образовниот процес и учество во решавање на конкретни ситуации поврзани со учениците. Педагогот активно учествуваше во работата на стручните органи и тела во училиштето и даваше поддршка во процесите на евалуација, самовреднување и планирање на развојните активности.

Значаен сегмент од работата претставуваше соработката со локалната заедница, институциите и граѓанските организации, преку која се обезбедија дополнителни можности за едукација, поддршка и вклучување на учениците во различни проекти и активности од општествен интерес.

Во рамките на аналитичко-истражувачката работа беа изготвени анализи, извештаи и информации за успехот, поведението и редовноста на учениците, како и извештаи за реализација на воспитно-образовната работа по класификациони периоди. Добиените податоци беа користени за планирање на понатамошни активности и подобрување на квалитетот на работата. Особено значајни беа активностите насочени кон јакнење на менталното здравје, благосостојбата и безбедноста на учениците. Во текот на учебната година беа реализирани бројни работилници согласно Програмата за ментално здравје и благосостојба, при што учениците активно учествуваа во дискусии и активности поврзани со емоционалната писменост, комуникациските вештини, справувањето со стрес и градењето позитивни односи.

Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, педагогот реализираше работилница со родители на тема „Видови на врсничко насилство и препознавање на предупредувачките знаци“, со цел јакнење на свесноста и превентивното делување во оваа област. Педагогот активно учествуваше и во реализацијата на програмата „Училишта кои се грижат за менталното здравје на учениците“, преку координација на активности, работа со ученици и наставници и промовирање на позитивна и поддржувачка училишна клима. Сите активности беа реализирани во тесна соработка со директорот, наставниците, родителите и учениците, при што беше обезбедена навремена поддршка, професионален пристап и ефикасно решавање на воспитно-образовните предизвици.

Работата беше насочена кон создавање безбедна, инклузивна и поттикнувачка училишна средина во која секој ученик има можност за личен развој, академски напредок и активно учество во училишниот живот.

Педагог
Билјана Коцабашиева

П-4 Извештај за работа на Наставнички совет

Наставничкиот совет претставува највисок стручен орган во училиштето кој се грижи за целокупната воспитно-образовна дејност. Негови членови се сите наставници и стручни соработници, а со работата на Советот раководи директорот на училиштето. Во текот на учебната 2025/2026 година, Наставничкиот совет континуирано работеше на унапредување на воспитно-образовниот процес преку следење на реализацијата на наставата, анализирање на постигнувањата на учениците и донесување одлуки од значење за работата на училиштето. Посебно внимание беше посветено на осовременување на наставниот процес преку примена на современи наставни методи, форми и средства за работа, со цел подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Во рамките на своите надлежности, Наставничкиот совет ги разгледуваше и анализираше успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот на тримесечијата, полугодието и учебната година. Врз основа на извршените анализи беа предлагани и преземани соодветни мерки за подобрување на воспитно-образовните резултати, како и мерки за поттикнување и наградување на учениците со посебни постигнувања, согласно важечките акти на училиштето. Наставничкиот совет донесуваше одлуки поврзани со приемот и запишувањето на учениците, нивната проодност, како и други прашања од значење за функционирањето на училиштето. Исто така, редовно ја следеше реализацијата на додатната и дополнителната настава, воннаставните активности, работата на Ученичкиот совет и Ученичкиот правобранител, јавната и културната дејност, како и активностите насочени кон унапредување на училишната клима и благосостојбата на учениците. Во текот на учебната година, на седниците на Наставничкиот совет беа разгледувани и прашања поврзани со реализацијата на целите и задачите од Развојниот план на училиштето, усогласувањето на критериумите за оценување и вреднување на ученичките знаења, како и други актуелни прашања од воспитно-образовната работа. Седниците на Наставничкиот совет се одржуваа редовно, согласно Годишната програма за работа на училиштето и тековните потреби. За секоја седница беше подготвен и усвоен дневен ред, а донесените заклучоци и одлуки придонесоа за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност и за унапредување на квалитетот на работата на училиштето.

Записничар
Марија Левкова Куновска

П-5 Извештај за работа на Училишниот одбор

Училишниот одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес во учебната 2025/2026 година работеше согласно законските надлежности и Програмата за работа на Училишниот одбор. Одборот е составен од 12 членови, и тоа: три претставници од локалната самоуправа, три претставници од родителите, четири претставници од наставниците, еден претставник од Министерството за образование и наука и еден претставник од деловната заедница. Во текот на учебната година беа одржани десет седници на кои се разгледуваа и донесуваа одлуки од значење за воспитно-образовната дејност, финансиското работење и развојот на училиштето.

Меѓу позначајните активности се:

- предлагање на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година до Советот на Општина Велес;
- донесување на Планот за јавни набавки на училиштето;
- донесување Одлука за попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2025 година;
- донесување одлуки за отпис и расходување на основни средства;
- усвојување на Годишната сметка и Завршната сметка за 2025 година;
- донесување Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година;
- усвојување на Програмата за реализација на ученички екскурзии за учениците од прва, втора и трета година;
- разгледување и усвојување на други прашања од делокругот на работата на Училишниот одбор, согласно потребите и интересите на училиштето.

Со својата работа Училишниот одбор даде значаен придонес во обезбедувањето услови за успешно функционирање на училиштето, унапредување на воспитно-образовниот процес и законито и транспарентно работење на установата.

Претседател на Училишен одбор
Антонио Пановски

П-6 Извештај за работа на Советот на родителите

Работата на Советот на родители се темели на законските регулативи, Статутот на училиштето, Деловникот за работа на Советот на родители и Годишната програма за работа на Советот на родители.

Во учебната 2025/2026 година, Советот на родители броеше 12 членови родители, од секоја паралелка по еден родител преставник, пришто на состаноците присуствуваат членовите, а доколку се оправдано отсутни, на нивно место присуствуваат замениците на членовите. Советот на родители има претседател кој ги свикува и одржува состаноците.

Согласно Законските регулативи тројца претставници од Советот на родители се и преставници во Училишниот одбор.

На првиот одржан состанок за учебната 2025/2026 година, беа кооптирани новите членови во Советот на родители од родителите од прва година и беа запознаени со Програмата и деловникот за работата на Советот на родители.

Во текот на учебната 2025/2026 година, состаноците се одржуваа задолжително најмалку еднаш за секој квалификационен период.

Советот, преку свои претставници одлучуваше за:

- извештајот од воспитно-образовната работа на училиштето за секој квалификационен период (прво тримесечје, крај на прво полугодие, трето тримесечје);
- потребата од ангажирање на физичко обезбедување во училиштето;
- избор на осигурителна компанија за осигурување на учениците;
- програми за ученички екскурзии;
- избор на економски оператор за фотографирање на матурантите и останатите ученици

За време на сите состаноци кои се одржаа во учебната 2025/2026 година беа присутни членовите на Советот, директорот на училиштето и педагогот. Бројот на присутни членови на Советот на родители секогаше беше на задоволително ниво. За секој одржан состанок со членови на Советот на родители се води записник.

Претседател на Совет на родители
Лиле Илиевска

П-7 Извештај за работа на стручните активи

Извештај за работата на Активот на општообразовани предмети

Во текот на учебната 2025/2026 година Активот на општообразовани ја реализираше својата Годишна програма за работа согласно планираните активности. Членовите на активот континуирано одржуваа работни состаноци на кои се разгледуваа прашања поврзани со организацијата и реализацијата на наставниот процес, следењето на постигањата на учениците, подобрувањето на квалитетот на наставата, примената на современи наставни методи и дигитални алатки, како и планирањето на наставните и воннаставните активности. Во текот на учебната година наставниците од активот активно учествуваа во подготовката и реализацијата на сите активности предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Беше даден значителен придонес во одбележувањето на државните празници и значајните историски датуми, патрониот празник на училиштето, културните и литературните манифестации, јавните настапи, литературните и драмските активности, како и во реализацијата на воспитно-образовни активности насочени кон развивање на демократските вредности, мирот, толеранцијата, медиумската и дигиталната писменост и безбедното користење на интернетот.

Членовите на активот успешно ги мотивираа учениците за учество на литературни конкурси, дебати, јавни настапи, меѓународни натпревари, проекти и манифестации организирани од локални институции и други образовни организации. Постигнати беа значајни резултати на општинско, регионално и државно ниво, како и на натпреварите МАССУМ, каде учениците освоија високи пласмани под менторство на наставниците од активот. Во рамките на наставата беа организирани посети на културни институции, изложби, театарски претстави, литературни настани и спомен-обележја, со што се придонесе за развој на културните компетенции, јазичните вештини, критичкото размислување и креативното изразување кај учениците. Активот оствари успешна соработка со локалната самоуправа, културните институции, библиотеките, Europe House Veles, средните училишта од општината и други партнери, со што значително се збогати воспитно-образовниот процес и се промовираше училиштето во локалната заедница. Во текот на годината се следеше успехот и поведението на учениците, беа разгледувани резултатите од оценувањето, како и мерките за поддршка на учениците кои покажуваат потешкотии или посебен интерес за изучување на јазиците и општествените науки.

Сумирајќи ги реализираните активности, може да се констатира дека Активот за јазици и општествена група предмети успешно ги реализираше планираните задачи и даде значителен придонес во унапредувањето на воспитно-образовниот процес, афирмацијата на училиштето и развојот на компетенциите на учениците.

Претседател на актив
Жаклина И. Зафирчева

Извештај за работата на Активот на стручни предмети

Активот на стручни предмети при ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес во текот на учебната 2025/2026 година работеше согласно Годишната програма за работа на училиштето, Програмата за работа на стручниот актив и наставните планови и програми за економската струка. Работата на активот беше насочена кон унапредување на квалитетот на наставата, подобрување на постигањата на учениците, стручно усовршување на наставниците и активно учество во реализацијата на училишните активности.

Во текот на учебната година беа одржани пет работни состаноци на кои беа разгледувани прашања поврзани со организацијата и реализацијата на воспитно-образовниот процес, следењето на наставните програми, усогласувањето на годишните и тематските планирања, анализата на успехот и планирањето на идните активности.

Реализирани активности

Во текот на учебната 2025/2026 година активот на стручни предмети ги реализираше следните активности:

- Изготви Годишна програма за работа на Активот;
- Ги усогласи годишните и тематските планирања на наставниците;
- Ја следеше реализацијата на наставните програми и разменуваше добри наставни практики;
- Вршеше анализа на успехот, редовноста, дисциплината и постигањата на учениците по класи и паралелки;
- Организираше дополнителна настава за учениците кои имаа потешкотии во совладувањето на наставните содржини и додатна настава за учениците со повисоки постигања;
- Применуваше современи наставни методи, дигитални алатки и интерактивни форми на работа;
- Реализираше проектни задачи, студии на случај, симулации на деловни процеси и тимска работа;
- Организираше едукативни посети на компании, институции и деловни субјекти со цел поврзување на теоретските знаења со практиката;
- Активно учествуваше во активностите од уписната политика преку презентации во основните училишта и промоција на образовните профили;
- Разгледуваше можности за воведување нови образовни профили и модернизација на наставните содржини;
- Учествуваше во подготовката на наставната и педагошката документација за интегрална инспекција;
- Учествуваше во постапката за избор на претставници во Училишниот одбор согласно законските прописи;
- Ги следеше резултатите од натпревари, проекти и практична настава;
- Учествуваше во реализација на училишни проекти, работилници, хуманитарни и општествено-корисни активности;
- Наставниците од активот активно учествуваа на семинари, обуки, вебинари и стручни советувања, а стекнатите знаења ги имплементираа во наставната практика; Остваруваше континуирана соработка со стручната служба, класните раководители, родителите, локалната самоуправа, бизнис-секторот и други институции.

На одржаните состаноци беа разгледани следните прашања:

1. Подготовка и реализација на уписната политика и промотивните активности.

2. Анализа на реализацијата на наставните програми.
3. Анализа на успехот, редовноста, поведението и постигањата на учениците.
4. Подготовка за интегрална инспекција и преглед на наставната документација.
5. Разгледување на можностите за воведување нови образовни профили и осовременување на наставата.
6. Избор на претставници во Училишниот одбор.
7. Размена на искуства, добри практики и насоки за унапредување на воспитно-образовниот процес.
8. Планирање на активностите за наредната учебна година.

Врз основа на реализираните активности може да се констатира дека Активот на стручни предмети успешно ја реализираше Програмата за работа за учебната 2025/2026 година. Преку континуирана соработка меѓу членовите на активот, стручно усовршување, примена на современи наставни методи и активно учество во училишните активности, беа создадени услови за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес и унапредување на стручните компетенции на учениците. Активот ќе продолжи и во наредната учебна година со активности насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, осовременување на наставниот процес и јакнење на соработката со стопанството и локалната заедница

(**сите активности се дадени во прилог во извештајот-реализирани активности на ниво на училиште**)

Претседател на актив
Орхидеја Хаџипетрушева Јованова

П-8 Извештај за реализација на екскурзиите

Извештај од реализирани ученички екскурзии во учебната 2025/2026 година

Согласно интересот од страна на учениците оваа учебна се реализираше ексурзија за прва година и втора ,а за трета година не се реализираше поради слабиот интерес.

Извештај за реализирана ексурзија за прва година:

Во согласност со предвидената Програма за реализација на училишни екскурзии, на ден 12.05.2026 година беше реализирана еднодневна стручно-истражувачка екскурзија за учениците од прва година на релација: Велес – Струмица – Смоларски Водопади – Велес

Според договорот со туристичката агенција, поаѓањето беше во 07:30 часот од Велес. По пат беше направена кратка пауза за појадок, по што се продолжи кон Смоларските Водопади. При посетата учениците имаа можност да се запознаат со природните богатства на Република Северна Македонија, нивната убавина и значење за развојот на туризмот и заштитата на животната средина. Потоа екскурзијата продолжи кон градот Струмица, каде што учениците имаа организиран ручек во угостителски објект. По ручекот следеше организирана прошетка низ градот со стручен водич, кој ги запозна учениците со културното, историското и општественото значење на Струмица. Во попладневните часови учениците и наставниците тргнаа кон Велес. По пат беше направена кратка пауза за одмор, а пристигнувањето во Велес помина согласно предвидениот распоред.

За време на екскурзијата беа обезбедени туристички водич и лекар Сите предвидени активности беа успешно реализирани. Учениците покажаа високо ниво на дисциплина, одговорност и точност во текот на целата екскурзија. Екскурзијата во целост ги исполни своите воспитно-образовни цели. Таа придонесе за подобра социјализација на учениците, развивање на чувство за заедништво, тимска работа и меѓусебна почит, како и за проширување на нивните знаења за природните и културно-историските вредности на нашата држава. Воедно, екскурзијата овозможи дружење, едукација и забава во позитивна атмосфера надвор од училишната средина.

Одговорни наставници: Ангелина Мачавелова – раководител на екскурзијата, Каролина Манаскова, Марија Панчевска и Суат Усејнов.

Извештај за реализирана ексурзија за втора година:

Екскурзијата на учениците од втора година се реализираше според предвидената програма. На првиот ден групата тргна од Велес и пристигна во Крушево, каде што беше посетена Спомен-куќата на Тоше Проески и споменикот Македониум. Учениците имаа можност да се запознаат со културното и историското значење на градот, а потоа беше организиран ручек. Според првичната програма, по Крушево требаше да следи посета на Струга, но поради дожд групата продолжи директно кон Охрид. Таму учениците беа сместени во хотел и им беше организирана вечера. По вечерата следеше организирана прошетка низ градот, а потоа учениците имаа дружење во едно кафуле, што придонесе за нивна поголема социјализација и забава.

На вториот ден, како мала измена од програмата, прво беше реализирана посета на Струга, со прошетка и разгледување на истекот на Црн Дрим. Потоа групата се упати кон Охрид, каде што учениците го разгледаа градот со посета на Плаошник, Самоиловата тврдина, Св. Јован

Канео и Св. Софија. По завршувањето на разгледувањето, групата се одјави од хотелот и продолжи кон Битола, каде што беше посетен Музејот на албанската азбука. По посетата учениците имаа слободно време за прошетка низ Битола, што им овозможи да ја почувствуваат атмосферата на градот и да се запознаат со неговиот дух. По паузата групата се упати кон Велес и пристигна во вечерните часови. Во текот на екскурзијата беше присутен водич и лекар, а учениците беа придружувани од наставниците Соња Савевска и Горан Цветановски. Сите активности се реализираа успешно, учениците беа дисциплинирани и покажаа интерес за културно-историските споменици. Екскурзијата ги исполни воспитно-образовните цели: социјализација, дружење, едукација и забава, и придонесе за развивање на тимски дух и позитивни навики за соживот.

Одговорни наставници: Радмила Андовска – раководител на екскурзијата, Соња Савевска, Горан Цветановски и Милка Петровски.

П-9 Извештај за професионален развој на наставниците

Современите текови на образованието ги следиме преку континуиран професионален развој на наставниот кадар. Развојот на техниката и технологијата допираат и во образованието и тоа нужно ја менува својата форма на едукација на учениците. Се формираат нови наставни програми, измени и дополнувања на Законот за средно образование, токму затоа наставниците вложуваат во личната и професионална надградба, усовршување и напредување.

- ✓ Од 22-25,04.2026 во Охрид професорката Маја Талевска Панова учествуваше на четиридневниот базичен тренинг за градење мир и мировно образование, наменет за наставен кадар. Во текот на тренингот,беше користен методолошки пристап базиран на искуствени и интерактивни методи и се работеше на неколку теми и тоа комуникација, тимска работа и соработка, предрасуди и стереотипи и разбирање на конфликти.
- ✓ Кариерниот советник Македонка Миланова во текот на месец мај 2026 година учествуваше на обука за кариерни советници од средните училишта, акредитирана од Бирото за развој на образованието, во организација на „Глобал Нет АДВ“, на тема: „Напредни техники и алатки за кариерно советување и индивидуално насочување и поддршка на учениците“. Со учеството на оваа обука беа унапредени стручните компетенции на кариерниот советник, стекнати беа нови знаења и практични алатки за квалитетно кариерно советување, индивидуално насочување и поддршка на учениците при нивното понатамошно образовно и професионално планирање.
- ✓ На 25 и 26 јуни во Велес, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност организираше дводневен еТвининг семинар „еТвининг и SELFIE како алатки за дигитален развој и европска соработка во училиштата“, наменет за директори на основни и средни училишта, претставници на Бирото за развој на образованието и носители на образовни политики. Во текот на семинарот учесниците имаа можност да се запознаат со можностите што ги нуди еТвининг за меѓународна соработка, професионален развој и унапредување на наставниот процес, како и со SELFIE – европската алатка што им помага на училиштата да ја проценат и планираат својата дигитална трансформација. На овој семинар активно учество зема директорот м-р Васко Трајковски.
- ✓ Од 04.-07.02.2026 г. и од 01. – 04.07.2026 г. директорот м-р Васко Трајковски зема учество на основниот тренинг за градење мир и мировно образование, што се реализираше во рамките на Програмата за мировно образование, во хотел „Романтик“ во Дојран.

Оваа активност е во согласност со обновениот Меморандум за соработка помеѓу Детската амбасада МЕЃАШИ и Министерството за образование и наука (МОН),а во вториот термин зема учество на напредниот тренинг за градење мир и мировно образование,во хотел „Манастир„ во Берово.

П-10 Извештај за јавна и културна дејност 2025/2026

Согласно Годишната програма за работа на училиштето, во текот на учебната 2025/2026 година ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес реализираше бројни активности од областа на јавната и културната дејност, со цел унапредување на воспитно-образовниот процес, развивање на културните вредности, јакнење на ученичките компетенции, поттикнување на креативноста, општествената одговорност и соработката со локалната заедница. Во активностите учествуваа директорот на училиштето, стручната служба, наставниците, учениците, родителите и претставници од институции, организации и деловната заедница.

1. Одбележување на значајни датуми, јубилеи и училишни манифестации

- Свечено одбележување на 65 години од постоењето на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, со присуство на претставници од Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, образовни институции, деловни партнери и поранешни ученици и вработени.
- Одбележување на Денот на училиштето со музичко-поетски перформанс „За македонските работи“, посветен на македонскиот јазик, култура и идентитет.
- Учество во одбележувањето на Денот на ослободувањето на Велес и добивање Благодарница за 65-годишниот придонес во образованието.
- Одбележување на Денот на наставникот преку ученички пораки и активности за изразување благодарност кон наставниците.
- Реализација на активности по повод Светскиот ден на штедењето, Денот на потрошувачите, Денот на здравјето, Денот на жената и други значајни датуми.

2. Културни и уметнички активности

- Посети на ликовни изложби и културни манифестации организирани од Локални културни установи.
- Учество на ученици на литературни и ораторски натпревари.
- Освоена трета награда на Детски Рацинови средби од ученичка на училиштето.
- Учество на ученици во поетски и драмски перформанси.
- Презентација на ученички творби и креативни изработки на различни настани.

3. Кариерно советување, претприемништво и поврзување со заедницата

- Кариерни работилници со претставници од компании, институции и успешни професионалци.
- Вршнички едукации за кариерно портфолио и професионален развој.
- Панел дискусии со претставници од бизнис секторот.
- Посети и презентации од високообразовни институции.

- Активности за развој на претприемачки компетенции и финансиска писменост.
- Учество на учениците на натпревари за ученички компании и бизнис идеи.

Учениците постигнаа значајни резултати на натпревари поврзани со претприемништво, иновации и зелени иницијативи.

4. Еколошки активности и одржлив развој

- Работилници „From Trash to Cash“ – создавање зелени бизнис идеи од отпад.
- Активности во рамки на проектот „Вело училиште“.
- Еко часови и акции за уредување на училишната средина.
- Учество во активности поврзани со Денот на Европа и садење дрвја.
- Развивање зелени вештини преку проекти и ученички иницијативи.

5. Превентивни, воспитни и активности за безбедна училишна средина

- Работилници за ментално здравје и психосоцијална поддршка.
- Активности за справување со емоции, стрес, самодоверба и тешки искуства.
- Работилници за превенција од врсничко насилство.
- Активности со родители за создавање безбедна училишна средина.
- Едукативни предавања за превенција од ризични однесувања и заштита на здравјето.

6. Соработка со институции и локална заедница

- Општина Велес;
- образовни институции;
- културни установи;
- бизнис сектор;
- невладини организации;
- високообразовни установи.

Реализирани беа посети, предавања, трибини, работилници и заеднички иницијативи со цел подобрување на квалитетот на образованието.

7. Учество на ученици на натпревари и јавни настани

- економски и претприемачки натпревари;
- културни и литературни натпревари;
- спортски активности;
- симулации на институции;
- младински форуми и конференции.

Со своите настапи учениците достојно го претставуваа училиштето и постигнаа значајни успеси.

Јавната и културната дејност во учебната 2025/2026 година беше успешно реализирана преку голем број активности насочени кон развој на личните, социјалните, културните и професионалните компетенции на учениците. Преку активното учество во различни манифестации, проекти, работилници и соработки, училиштето продолжи да ја остварува својата мисија како современа образовна институција отворена кон учениците, заедницата и општеството.

П-11 Извештај од реализација на Програмата за советување на родители

Во согласност со законските одредби, и во учебната 2025/2026 година беше спроведена **Програмата за советување на родители**, со цел унапредување на соработката помеѓу училиштето и семејствата на учениците.

Целна група на советување:

Советувањата беа насочени кон родители на ученици кои беа идентификувани според следните критериуми:

- Ученици со слаб успех (три или повеќе слаби оценки);
- Ученици со нередовна посетеност на наставата (десет или повеќе неоправдани изостаноци, или сто и повеќе оправдани);
- Ученици со чести конфликти или деструктивно однесување за време на наставата.

Организација и реализација:

Програмата се реализираше во текот на целата учебна година, во координација помеѓу **класните раководители и психологот**.

Советувањата беа организирани по претходен договор помеѓу одговорните раководители на паралелки и стручната служба (психолог), при што:

- Беа испраќани навремени и уредно формулирани покани до родителите;
- Средбите се реализираа во два термина, со времетраење од 30 до 60 минути;
- За секое советување се водеше **записник**, кој го евидентираше содржинскиот тек и заклучоците од разговорите.

Во текот на советувањата беше воспоставена активна интеракција со родителите, а самиот процес беше насочен кон заедничко согледување на предизвиците и изнаоѓање конструктивни решенија.

Евалуација и ефекти:

Реализацијата на Програмата се покажа како **успешна и ефективна**, со оглед на тоа што кај значителен број ученици беше забележано подобрување во однесувањето и пристапот кон наставата. Родителите ја прифатија иницијативата како корисна и поддржувачка, што дополнително придонесе за создавање на подобра училишна клима и поефикасна комуникација меѓу семејството и училиштето.

Психолог
Катерина Ефремова

П-12 Извештај од работата на Ученичкиот совет

Ученичкиот совет при ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес претставува форма на ученичко организирање преку која учениците активно учествуваат во креирањето на училишниот живот, развивањето на демократската култура, меѓусебната соработка и подобрувањето на училишната клима. Во текот на учебната 2025/2026 година, Ученичкиот совет реализираше активности насочени кон поттикнување на ученичката иницијативност, хуманоста, одговорноста, комуникацијата и активното учество на младите во заедницата.

Конституирање и организација на работата на Ученичкиот совет

На почетокот на учебната година беа реализирани избори за претставници на учениците од сите паралелки, согласно Правилникот за работа на Ученичкиот совет. По изборот на претставници од класовите, беше одржан конститутивен состанок на кој беа избрани претседател, потпретседател и записничар на Ученичкиот совет. Со воспоставената структура, учениците активно учествуваа во планирање, предлагање и реализација на ученички иницијативи и активности.

1. Организација на ученички настани и дружења

По иницијатива на учениците, Ученичкиот совет организираше ученичка забава во текот на учебната година. Активноста придонесе за подобрување на меѓусебната комуникација, дружење и развивање чувство на припадност кон училиштето.

2. Хуманитарни и инклузивни активности

Ученичкиот совет продолжи со традиционалната соработка со ОУРЦ „Маца Овчарова“ – Велес. Учениците изработија новогодишни честитки и креативни украси кои ги подарија на децата од Центарот, со што ја покажаа својата хуманост, емпатија и општествена одговорност.

3. Учество во одбележување на значајни датуми

Учениците активно учествуваа во одбележувањето на 8 Март – Меѓународниот ден на жената. По нивна иницијатива беше подготвен краток сценски настап, во кој учествуваа ученици од различни години. Активноста овозможи развивање на креативноста, тимската работа и јавното настапување.

4. Поддршка и унапредување на ученичката комуникација

Во текот на второто полугодие Ученичкиот совет иницираше активности за подобрување на информираноста и комуникацијата меѓу учениците преку:

- поставување дигитален информатор;
- иницијатива за воспоставување „дежурен пријател“ – ученик кој ќе биде поддршка за соучениците и ќе придонесува за подобра соработка и позитивна училишна атмосфера.

5. Учество во спортски и јавни активности

Претставници на Ученичкиот совет и ученици од училиштето земаа активно учество во:

- традиционалната трка „Трчаме за Рацин“;
- спортските игри и активности во рамки на локални ученички манифестации.

Со учеството учениците ја промовираа важноста на здравите животни навики, тимскиот дух и позитивното претставување на училиштето. Работата на Ученичкиот совет во учебната 2025/2026 година се одвиваше во насока на развивање активни, одговорни и мотивирани ученици кои учествуваат во креирањето на училишната средина. Преку реализираните активности учениците покажаа иницијативност, креативност, хуманост и способност за тимска работа, придонесувајќи кон создавање позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима.

Одговорни
Милка Петровски
Билјана Коцабашиева
стручен соработник-педагог
Македонка Миланова

П-13 Извештај од работата на кариерниот советник

Во текот на учебната 2025/2026 година активностите од областа на кариерното советување и професионалната ориентација беа реализирани согласно Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за кариерно советување и професионална ориентација.

1. Планирање на кариерното советување

На почетокот на учебната година беше формиран Тимот за кариерно советување и беа утврдени насоките за работа. Изработена е Годишна програма за кариерно советување и професионална ориентација која претставува составен дел од Годишната програма за работа на училиштето. Кариерниот центар беше претставен пред учениците од сите години, а беа вклучени и ученици волонтери во неговата работа.

2. Работа со ученици

Во текот на годината беа реализирани групни и индивидуални советувања со учениците од сите години на образование.

Реализирани активности:

- Презентација „Значењето и важноста на професионалната ориентација“;
- Спроведување анкета „Каде сакам да го продолжам образованието“;
- Групни работилници за кариерно планирање;
- Индивидуални советувања со ученици за избор на професија и понатамошно образование;
- Информирање за можностите за студирање во државни и приватни високообразовни институции;
- Поддршка при изработка на лични кариерни планови;

- Информирање за потребите на пазарот на трудот и перспективни занимања
- Организирана Панел дискусија за професионална ориентација
- Креирање база за следење на учениците од завршните години.

3. Советување и вмрежување

Во текот на годината беа реализирани посети и презентации од претставници на компании и бизнис секторот; Информирање за отворени денови и саеми за образование; Соработка со високообразовни институции; Подготовка и учество на МАССУМ, Соработка со Европска куќа, Организирање на Панел дискусија. Преку овие активности учениците добија директни информации за современите професии, барањата на пазарот на трудот и можностите за понатамошен развој.

4. Обезбедување квалитет

Во текот на учебната година редовно се водеше документација за реализираните активности и советувања.

- Евиденција за реализирани активности, записници од состаноци; анкети за утврдување на интересите на учениците; следење на реализацијата на годишната програма; анализа на резултатите и потребите на учениците.

5. Личен и професионален развој

Кариерниот советник активно учествуваше во следење на новините од областа на кариерното советување, размена на искуства со колеги и стручно усовршување.

Посебно внимание беше посветено на:

- Следење на новите насоки на МОН;
- Развивање на вештини за кариерно советување;
- Унапредување на комуникацијата со учениците;
- Следење на трендовите на пазарот на трудот.

Реализацијата на Програмата за кариерно советување и професионална ориентација придонесе за подобро информирање на учениците, развивање на нивните кариерни компетенции и полесно донесување одлуки за понатамошното образование и професионален развој. Преку групните и индивидуалните советувања, презентациите, соработката со институции и компаниите, како и учеството во различни настани, учениците добија навремена и квалитетна поддршка во планирањето на својата иднина. Во наредната учебна година ќе продолжиме со унапредувањето на кариерното советување преку проширување на соработката со високообразовни институции, работодавачи и локалната заедница, како и зголемување на бројот на индивидуални советувања.

Кариерен советник
Македонка Миланова

П-14 Извештај од работата на координаторот за практично образование

Со овој извештај координаторот за практична настава дава преглед на реализираните активности во текот на учебната 2025/2026 година, согласно Годишната програма за работа на координаторот, која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

Во текот на учебната 2025/2026 година беа реализирани следните активности:

- изработка на Годишен план за практично образование;
- координација со наставниците кои го реализираат предметот **Учење преку работа**;
- следење на напредокот и постигањата на учениците;
- воспоставување и унапредување на соработката со бизнис-заедницата и институциите;
- склучување меморандуми за соработка за учебната 2026/2027 година;
- организација на феријалната пракса;
- прегледување и потпишување на дневниците за учење преку работа и феријална пракса.

Годишната програма за практично образование беше изготвена навремено и согласно законските прописи и насоките на училиштето. По нејзиното разгледување и одобрување од директорот, програмата беше вклучена како составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Во текот на учебната година континуирано се остваруваше координација со наставниците кои го реализираат предметот **Учење преку работа**, преку:

- организирање редовни работни состаноци;
- воспоставување електронска комуникација и размена на информации;
- следење на тековната реализација на наставата;
- разгледување на предизвиците и предлагање мерки за нивно надминување;
- доставување месечни планови за посетите на учениците кај работодавачите;
- следење на забелешките и оценките од менторите;
- водење евиденција за редовноста на учениците;
- изготвување квартални, полугодишни и годишни извештаи за реализацијата на учењето преку работа;
- организирање теренски посети кај работодавачите;
- континуирана соработка со менторите од компаниите и институциите.

Напредокот на учениците беше континуирано следен преку:

- евидентирање на стекнатите компетенции и практични вештини;
- редовен увид во дневниците за учење преку работа;
- квартално, полугодишно и годишно оценување од страна на менторите и наставниците;
- следење на реализацијата на практичната обука на работното место.

Во текот на учебната година беше остварена успешна и континуирана соработка со компании и институции кои учествуваат во реализацијата на практичната обука. Во таа насока беше организирана работна средба (социјален дијалог) со претставници на бизнис-заедницата, локалната самоуправа и државните институции, со цел:

- усогласување на образовната понуда со потребите на пазарот на трудот;
- идентификување на дефицитарните занимања;
- планирање на образовните профили и паралелки за учебната 2026/2027 година;
- обезбедување услови за успешно реализирање на дуалното образование;
- размена на искуства и добри практики;
- унапредување на меѓусебната соработка.

Како резултат на воспоставената соработка и реализираниот социјален дијалог, беа склучени меморандуми за соработка со:

- Основен суд – Велес;
- Дематели Инвест Груп – Велес;
- Фершпед АД – Скопје, деловница Велес;
- Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – Подрачна служба Велес;
- Книговодствено биро „БЛ“ – Велес;
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија – Подрачна служба Велес;
- ДООЕЛ „Марис“.

Компаниите и институциите ја потврдија подготвеноста за продолжување и проширување на соработката и во наредниот период.

Во рамките на подготовките за реализација на феријалната пракса беа преземени следните активности:

- определување компании и институции за реализација на практичната обука;
- склучување договори со работодавачите;
- давање насоки и упатства на учениците за начинот на реализирање на феријалната пракса;
- прегледување и заверка на потребната документација.

Врз основа на реализираните активности може да се констатира дека практичното образование во учебната 2025/2026 година успешно се реализираше согласно планираната програма. Континуираната координација со наставниците, следењето на напредокот на учениците и проширувањето на соработката со компаниите и институциите придонесоа за квалитетна реализација на учењето преку работа и зајакнување на врската помеѓу училиштето и пазарот на трудот. Воспоставените партнерства претставуваат цврста основа за понатамошен развој и унапредување на практичното образование во училиштето.

Координатор за практично образование
Бранка Андовска

П-15 Извештај од реализираните активности во рамките на уписната политика

Во периодот април – мај 2026 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес реализираше низа активности во рамките на уписната политика со цел навремено информирање, промоција на училиштето и афирмација на образовните профили кои ќе се реализираат во учебната 2026/2027 година. За успешна реализација на активностите, наставниот кадар работеше тимски преку формирани тимови задолжени за подготовка и спроведување на промотивни активности. Беше изработен соодветен промотивен материјал кој опфаќаше текстуални содржини, фотографии, мултимедијална презентација и промотивно видео, со цел учениците од завршните одделенија и нивните родители да се запознаат со можностите кои ги нуди училиштето. Промотивните активности беа насочени кон основните училишта од општините Велес, Чашка, Градско, Свети Николе, Лозово и Неготино. Во рамките на посетите, наставниците реализираа директни презентации пред деветтоодделенците, при што беа презентирани наставните планови, образовните профили, условите за учење, можностите за практична настава и придобивките од образованието во ОСУ „Јовче Тесличков“. Училиштето беше промовирано и преку официјалната веб-страница и социјалните мрежи Facebook и Instagram, каде редовно беа објавувани информации поврзани со уписите, образовните профили, ученичките активности и успешните практики на училиштето. Како дел од промотивната кампања, беше организиран **Отворен ден** во училиштето, на кој учениците од завршните одделенија имаа можност непосредно да се запознаат со наставниците, училишните простории, опремата, условите за реализација на наставата и профилите кои ќе бидат достапни за упис во прва година. Реализираните активности придонесоа за зголемување на информираноста кај идните средношколци, јакнење на препознатливоста на училиштето.

П-16 Извештај од спроведена државна матура и завршен испит за учебната 2025/2026

Вкупно 44 редовно запишани ученици во четиригодишно образование, како и 11 ученици од тригодишното образование беа дел од полагањето на испитите кои се завршен дел на средното образование. Од редовните ученици со четиригодишно образование, 32 ученици избраа да полагаат државна матура, 3 државна стручна матура ,а останатите 9 ученици одлучија да полагаат училишна стручна матура.Учениците од тригодишно образование,11 ученици полагаа завршен испит.

Од вонредните ученици, еден ученик пријави и полагаше испити од државна матура, еден полагаше државна стручна матура, а пет ученици полагаа завршен испит.

Државната матура ја положија 32 редовни ученици и 1 вонреден, а не положи еден кандидат. Тројца пријавени редовни ученици и еден вонреден ја положија државна стручна матура, а сите 9 редовни и 5 вонредни ученици ја положија училишната стручна матура.

Во однос на учениците од тригодишниот профил, од 11 редовни ученици кои пријавија завршен испит, 7 ученици успешно го положија испитот, а 4 не го положија испитот и се упатени на поправен испит.

Директор
м-р Васко Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВЕЛЕС

Претседател на Училишен одбор
Антониј Пановски